REACHOR
research in action

# ПРАВНИТЕ ПОТРЕБИ НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ПАТИШТА ДО ПРАВДАТА

2018, СКОПЈЕ

Содржина

клучни Наоди И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ .........3
КЛУЧНИ НАОДИ:.....................................................3
Слика на правните проблеми на ромското население3
Клучни наоди: Патишта до правдата .........................6
Препораки за јавните политики ..................................7
методологија.............................................................10
Дизајн на примерокот ...............................................10
*примерок ...................................................................11*
Прашалник................................................................11
Теренска реализација................................................13
Демографска структура на примерокот ...................14
методолошки разлики и оправданост на споредбите меѓу ромското и општото население 20
сликаТА на проблемиТЕ ..........................................26
Социодемографски индикатори за проблемите: Распространетост на правните проблеми 29
Проблеми со домувањето и имотот..........................32
*Реакции на проблемите со домувањето .................35*
*Проблем со закупување И ИЗДАВАЊЕ имот .........36*
***Проблем со пари и долгови** ......................................38*
***РЕАКЦИИ НА ПРОБЛЕМИте СО ПАРИ ИЛИ СО ДОЛГОВИ** 39*
***Проблеми со државна помош** .................................42*
*Реакции на проблемите со државната помош .......43*
***Реакции на проблемите со работа ИЛИ вработување** 47*
***Потрошувачки проблемИ** .......................................49*
***Реакции во врска со потрошувачките проблеми** .50*
***Проблем со здравствениТЕ услуги** .........................52*
***Реакции на проблемите со здравствените услуги**55*
***Дискриминација според етничка основа** ..............57*
***Реакции на проблемите со дискриминација по етничка основа** 59*
***Дискриминација по друга основа**............................60*
***Проблем со преминот на граници** ..........................61*
***РЕакции на проблемите со премин на граници** ...63*
Семејни проблеми......................................................64
***ДРУГО** .........................................................................66*
ПАТОТ ДО ПРАВДАТА: РЕАКЦИЈА НА ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ 67
***РАЗБИРАЊЕ НА НЕАКТИВНОСТА** ....................72*
***Вредноста на проблемот и неговите последици** .73*
***ДРУГАТА СТРАНА ВО ПРОБЛЕМОТ И ПОВРЗАНИТЕ ПОСЛЕДИЦи** 75*
***Правни совети и искуства со судскиот систем** ..78*
***Искуства со судскиот систем** ...............................80*
исходи ........................................................................81
***НЕГАТИВНИТЕ ЕФЕКТИ: КАКО ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВЛИЈААТ ВРЗ ГРАЃАНИТЕ** 83*
СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ 85
Користена литература: .............................................91
*АНЕКС I: Стуктура на прашалникот.....................95*

## КЛУЧНИ НАОДИ И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

Овој извештај е резултат на сеопфатното истражување за правните проблеми со кои се соочуваат Ромите во Република Македонија и нивните патишта до правдата. Се фокусиравме на Ромите не само поради тоа што тие се најмаргинализирана група во Македонија, туку и поради фактот што во првото национално истражување за правните проблеми[1], спроведено во 2012 година [2], поради малата застапеност на Ромите во примерокот, прашањата останаа отворени, иако некои од наодите беа особено индикативни. На пример, алармантен беше наодот дека 30% од регистрираните проблеми поврзани со забранетиот излез од земјава се на испитаници Роми, што е особено висок процент ако се има предвид дека во примерокот испитаници оваа националност беше застапена со 1,5%.

Тргнувајќи од ваквите наоди, како и од потребата посеопфатно да дознаеме со какви сè проблеми се соочуваат Ромите и што прават за да ги решат, Фондација Отворено општество Македонија, со помош на Реактор – Истражување во акција, го спроведе истражувањето што е предмет на оваа публикација. Истражувањето беше спроведено преку теренска анкета на репрезентативен примерок од 1.011 граѓани Роми, со користење на модифицирана верзија на методологијата подготвена за Националната студија од 2012 година. Во овој прв дел од студијата ги претставуваме клучните наоди и заклучоци, како и нивните импликации врз јавните политики, а особено нивните импликации врз реформите во јавните политики.

### КЛУЧНИ НАОДИ:

### СЛИКА НА ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА РОМСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

**Ромите, во споредба со другите просечни граѓани, многу почесто се соочуваат со нетривијален правен проблем.** Ако истражувањето објавено во 2013 година покажа дека половина од граѓаните во Република Македонија (49%) се соочиле со некаков нетривијален правен проблем во последните три години, дури 70% од Ромите имаат барем еден нетривијален проблем. Овој податок потврдува дека и покрај многуте проблеми со кои се соочуваат македонските граѓани, Ромите се сè уште поранливи и повеќекратно маргинализирани, бидејќи сериозноста на проблемите со кои тие се соочуваат ја редефинира интензивноста на терминот „нетривијални проблеми.“

**Најранливи се оние кои имаат најниски приходи.** Дури четири петтини од ромските домаќинства кои имаат приход под 5 000 денари, имале барем еден проблем во последните

[2] Терминот „правен проблем“ го користевме и во Националната студија, каде што е наведено: „Во недостиг на соодветен превод на англискиот израз „justiciable event/problem“ на македонски јазик, се решивме на прилично општата конструкција „правен настан/проблем“. Многу е важно да се напомене дека оваа фраза што ја користиме често во студијата има многу специфично значење и претставува каков било проблем со кој се соочуваат граѓаните, а кој би можел да има правна, т.е. судска разврска. Хејзл Ген, меѓународен авторитет во оваа област, го дефинира правниот настан како „нешто што го доживува испитаникот, а кое отвора законски прашања, без разлика на тоа дали испитаникот го препознава како „правно“ и без разлика на тоа дали активностите што ќе ги преземе за да се справи со настанот ќе употребат кој било дел од системот на граѓанското право“.

три години.

**Оние со проблеми, се соочуваат со повеќе од еден проблем.** Во просек, Ромите се соочуваат со два проблема, споредено со просечниот Македонец, кој се соочува со 1,3 - 1,5 проблеми. Испитаниците сметаат дека нивните проблеми не се меѓусебно поврзани. Сепак, иако само 6,6% од проблемите биле меѓусебно поврзани, ова е трипати почесто од просекот во државата.

**Одредени проблеми се чини се „ексклузивни“ за Ромите.** Така, забраната за излез од државата и бездомништвото се проблеми кои диспропорционално повеќе ги засегаат Ромите.

**Најзастапени проблеми се проблемите поврзани со домувањето, парите и долговите и со државнитет трансфери**, додека најмалку застапени се правните проблеми кои произлегуваат од семејните односи и проблемите со образованието.

**Повеќе од една третина од Ромите (38,4%) се соочуваат со проблем со домувањето,** додека кај просечниот граѓанин со вакви проблеми се соочуваат 26,4% од населението. Во најголем дел од случаите станува збор за исклучување на електричната енергија поради неплатени сметки, а секој четврти се соочил со подолг прекин на електрична енергија или со друг вид комунални услуги. Втора најзастапена поткатегорија од проблемите со домувањето се проблемите со легализацијата на имотот. Според одговорите на испитаниците, 12,1% од граѓаните Роми потврдиле дека се соочиле со ваков проблем во последните три години. Стапката на ваквите проблеми е значително помала, т.е. трипати помала кај општата популација[3] и изнесува 3,9%. Проблемот со легализацијата дополнително се потврди и со прашањето за сопственоста. Иако 82% од испитаниците рекле дека сопственик на нивното живеалиште е некој член од семејството, дури 22% од нив не поседуваат имотен лист за објектот. Оваа бројка расте до 39,2% во Општина Шуто Оризари, и дури до 48,3% во Општина Куманово. Дури 2% од испитаниците пријавиле дека имале проблем со бездомништвото, што е значително повеќе во споредба со другото население, каде што овој процент изнесува 0,3%.
Од оние кои не направиле ништо во однос на својот проблем со домувањето, најголем дел (37,3%) изјавиле дека немале финансиски средства за да преземат нешто. Во контекст на проблемите поврзани со домувањето, иако како процент од примерокот, бројот на граѓаните кои имале искуство со закупување имот во последните три години е мал, процентот на оние кои наишле на проблем во оваа категорија е релативно висок (57,8%).

**Речиси секој трет Ром (27%) има проблеми што произлегуваат од немањето пари или од долгови, што е значително повеќе од просекот (16%).** Во оваа категорија проблеми најчести се проблемите поврзани со наплатата на долг постар од една година и наплатата со извршител.

Трета и најзастапена категорија проблеми се **проблемите со државните трансфери**. Речиси половина од испитаниците (48%) побарале или примале некој вид државна помош во последните три години, повеќе од една третина (35%) побарале или примаат социјална парична помош, а дури 30% од испитаниците кои побарале државна помош пријавиле некаков проблем со остварувањето на нивното право. Овие проблеми се позастапени кај помладите испитаници, како и кај оние кои се економски неактивни.

---

[3] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013), *Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија,* Фондација Отворено општество – Македонија.

**Проблем поврзан со работата или со вработувањето** има една петтина од целото ромско население, односно една третина од оние кои рекле дека во последните три години работеле или барале работа, т.е. оние кои се третираат како економски активно население. Најзастапен проблем од оваа категорија е работењето непријавен, без здравствено и социјално осигурување, што е случај со **38,5% од граѓаните** кои биле вработени во некој период од последните три години. **Меѓу оние кои барале работа во последните три години, речиси една десетина (9,1%) сметаат дека биле третирани неправедно само затоа што се Роми.**

Околу 15% од испитаниците се соочиле со **потрошувачки проблем**. Најчести се проблемите со неисправните производи (пр. компјутер, машина за перење, телефон, храна и сл.), какви што имале 8,9% од граѓаните, како и проблемите со платените, но незавршени услуги (на пример, од водоинсталатери, електричари, градежници) што ги имале 5% од граѓаните.

Процентот на правните **проблеми поврзани со пристапот на Ромите до здравствените услуги** е двојно поголем споредено со општата популација (13% кај Ромите, споредно со 6% во општата популација[4]). Имајќи предвид дека 63% од испитаниците живеат во домаќинства со вкупни месечни приходи помали од 10 000 денари, поразително е да се забележи дека најчести проблеми со кои се соочуваат Ромите се оние поврзани со наплатата на здравствените услуги што не треба да се наплаќаат (4,3%), неиздавањето фискална сметка за наплатените здравствени услуги (3,9%) и поскапото наплаќање на здравствените услуги или лекарства (3,4%). Останува отворено прашањето колку прекршувања останале „незабележани“ бидејќи – очекувано - незаконските наплати можеле да ги пријават како проблем само испитаниците кои можеле да ги препознаат, т.е. само оние кои ги знаеле своите права како пациенти.

Конечно, ако ги разгледаме проблемите поврзани со остварувањето на правото на слободно движење, т.е. **проблемите со преминувањето на државната граница**, имаме поразителни репрезентативни наоди: на секој четврти (25%) кој се обидел да патува надвор од Република Македонија во последните три години не му бил дозволен излез од земјата, секој петти (20,1%) бил вратен од граница без да му се достави писмено образложение за причините, а секој десетти (10,6%) бил малтретиран од страна на граничната полиција. Тука најранливи се Ромите со најниски приходи во домаќинството, кај кои бројот на оние кои имале проблем при преминувањето граница е повеќе од една третина (36%).

---

[4] Треба да се нагласи дека во студијата од 2013 година во оваа категорија беа вклучени и повредите поврзани со сообраќајните повреди и незгоди на јавно или на работно место, кои во ова истражување беа разгледувани како посебна категорија. За поголема споредливост, доколку на проблемската категорија поврзана со пристапот до здравствените услуги се додадат и проблемите поврзани со сообраќајните несреќи, како и повредите на јавно или работно место, процентот на испитаници со барем еден проблем се зголемува на 15,1%. Бидејќи не беше третирано како правен проблем, доколку на овие испитаници се додадат и оние кои немаат здравствено осигурување, но не пријавиле друг проблем поврзан со пристапот до здравствените услуги, застапеноста на испитаниците со барем еден проблем од оваа категорија се зголемува на 17,1%, што е речиси тројно повеќе споредено со општата популација.

## КЛУЧНИ НАОДИ: ПАТИШТА ДО ПРАВДАТА

**За решавања на правните проблеми, Ромите се „потпираат“ сами на себе, на социјалните кругови и на бесплатната помош од страна на граѓанските организации.** Само 4,7% од оние кои се соочиле со проблем побарале совет од адвокат (споредено со 23% од општата популација), а само за 2,1% од проблемите била побарана правда преку судска постапка. Од ова може да се заклучи дека правосудниот систем е практично недостапен за граѓаните Роми.

**Дури една половина од Ромите не презеле ништо во врска со своите проблеми** (споредено со една третина од просечните Македонци), а како најчеста причина за тоа се наведува немањето финансиски средства или неинформираноста за тоа каде можат да се обратат. Ова укажува на тоа дека пасивноста не е избор, туку резултат на финансиската немоќ и на социјалната исклученост, која резултира со правна обесправеност.

**Дури 76% од оние кои имале проблем со преминот на границите не презеле ништо во врска со проблемот, а мнозинството граѓани се пасивни и кога станува збор за проблеми во врска со дискриминацијата (68%), пристапот до здравствените услуги (68,5%), вработувањето (66%) и проблемите со државната помош (56%)**. Најчеста причина за неактивноста е недостигот на знаење (32% рекле дека не знаеле каде треба да се обратат) или недостигот на пари (28,5%). Една четвртина немале одговор на прашањето зошто не презеле ништо, а дури 13% не направиле ништо поради недоверба во судството.

Од оние кои се обиделе да си ги решат проблемите, најчест метод за решавање на проблемот е контактирање на спротивставената страна заради неформална спогодба (59% од активните). По ова следува потпирање на услугите што ги нудат граѓанските организации (25%), како и на поддршката од роднините или пријателите (22%). Судовите и традиционалните правни сервиси на адвокати и правници се „периферни за секојдневната правда“ на граѓаните Роми. Само 4,7% од оние кои се соочиле со проблем побарале совет од адвокат, а само за 2,1% од проблемите била побарана правда преку судска постапка. Дури 7 од 15 испитаници изјавиле дека не ги застапувал никој, а шест биле застапувани од адвокат. Тоа значи дека во повеќе од половина (53,8%) од случаите, граѓаните се застапувале сами. Петмина од оние кои се застапувале сами рекле дека немале пари за да ангажираат адвокат, еден рекол дека не му требало застапување и еден не дал одговор за причината.

Всушност, еден од заклучоците е дека **граѓаните Роми можат да си ја дозволат правната помош само доколку е бесплатна** - 78% од оние кои побарале совет од повеќе од едно место не требало да платат за помошта што ја добиле од најсуштинскиот советодавец.

Половина од проблемите се оценети како завршени, но половина од завршените проблеми се решени стихијно и фактот дали е направено нешто или не е направено ништо во врска со проблемот не е пресуден за тоа дали е проблемот завршен или не. Кај завршените проблеми, оние кои презеле нешто се позадоволни од исходот, додека кај незавршените проблеми, очекуваното задоволство од исходот не е детерминирано од тоа дали е преземено нешто или не. Половина од разгледуваните проблеми сè уште траат, а 89% од граѓаните сметаат

дека нивното решавање трае подолго отколку што очекувале. Веројатноста да се преземе нешто за решавање на проблемот се зголемува со зголемувањето на вредноста на проблемот, но колку е поголема вредноста на проблемот, толку е поголема веројатноста истиот да не биде решен. Дали проблемот е завршен или не зависи од категоријата на проблемот, односно од тоа дали граѓанинот постојано или инцидентно се соочува со околностите од кои тој може да произлезе. Имено, 70% од разгледуваните проблеми со домувањето се оценети како незавршени, додека 90% од разгледуваните проблеми со преминот на границите се оценети како завршени. Во 52,8% од разгледуваните проблеми, другата страна е државата, во 18,8% од случаите другата страна на проблемот е приватна организација, а во 7,5% од случаите проблем е работодавачот.

Перцепцијата за искусена неправда е поверојатна ако од другата страна стои државна институција (71,3%), работодавач (66,7%) и приватна организација (65,9%), што имплицира поголема асиметрија на моќ кога во правните проблеми се инволвирани правни лица.

Во поглед на задоволството од исходот на решените проблеми, за речиси две третини (64%) од граѓаните чиј проблем е завршен, исходот не бил праведен. Повеќе од една третина (35%) од испитаниците воопшто не биле задоволни од исходот, наспроти 15% кои рекле дека се многу задоволни.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ

1) На пазарот на правните и параправните услуги, граѓанските организации се единствениот достапен правен сервис за граѓаните Роми. Ресурсите на овие организации ги посредуваат и интеракциите на граѓаните со институциите и со пристапот до правда за овие граѓани. Со оглед на наодот дека граѓаните многу почесто ги препознаваат нив, а не традиционалниот советодавен сектор (на адвокати или правници), државата треба да ги преземе овие модели или директно да ги финансира во формата во којашто постојат. Иако голем дел од локалните организации можат да понудат само параправна помош, токму ваквата „поевтина“ помош е поефикасна во задоволувањето на секојдневните правни потреби на граѓаните, кои многу често се поврзани со товарот на административните процедури.

2) Мнозинството граѓани Роми можат да си дозволат правна помош само ако е бесплатна. Оттаму, особено се добредојдени најавите за нов Закон за бесплатна правна помош, кој во постоечката верзија (со оглед на ограничувањата во поглед на опфатот) ги лишува од правда најобесправените. Имајќи ја предвид незаинтересираноста на адвокатите да бидат даватели на бесплатна правна помош (што може да се заклучи од малиот број регистрирани адвокати даватели на бесплатна правна помош), клучна алка во системот се повторно овластените здруженија. Оттаму, треба или да се прошири опфатот на услугите што влегуваат во претходната бесплатна правна помош или да се олеснат рестриктивните услови кои ја загрозуваат одржливоста на организациите што можат да понудат и бесплатна правна помош.

3) За мнозинството граѓани Роми неактивноста не е избор, туку нужност на правна немоќ. Најголем дел од нив не можат да се справат со проблемите затоа што не знаат како или затоа што финансиски не можат да си дозволат да направат нешто. Имајќи

ја предвид високата стапка на лица без завршено формално образование или само со основно образование, еден од предизвиците што нужно се наметнува се интервенциите или програмите за правно описменување, кои треба да овозможат поголема правна сигурност на граѓаните и поефикасно користење на правото и на правниот систем.

4) Имајќи предвид дека голем дел од граѓаните Роми се ранливи на проблемите поврзани со остварувањето на правата од областа на социјалната заштита, креаторите на јавните политики треба прво да изнајдат механизми за секвенционирање на чекорите за остварување на правата. Информациите кои ги структурираат изборите на корисниците треба да бидат јасни, а административните процедури кратки. Во оваа насока, треба да се засилат и напорите за децентрализација на социјалната заштита[5].

5) Во половина од разгледуваните проблеми на граѓаните Роми, другата страна е државата. Креаторите на јавните политики треба да ги ревидираат контрадикторните практики[6] кои систематски ги лишуваат овие граѓани од нивните права[7]. Преку донеодамнешното етничко профилирање од страна на граничната полиција, Македонија беше една од оние земји во кои дискриминацијата е институционализирана[8]. Според наодите од ова истражување, 75,6% од граѓаните на кои им бил забранет излез од државата не направиле ништо, иако им било прекршено уставно загарантираното право на слобода на движење.

6) Голем дел од граѓаните Роми во одреден период од последниве три години живееле во „мрак“ поради неплатените сметки за електрична енергија. Очигледно, воспоставените механизми за олеснување на должничко-доверителскиот однос на овие граѓани со ЕВН се нефункционални. Според наодите од ова истражување, само 4,2% од граѓаните побарале или користеле субвенции за електрична енергија, иако 26,8% живеат во домаќинства со месечни приходи помали од 5 000 денари.

7) Од деталните описи на проблемите на испитаниците беше јасно дека „нетривијалноста“ на проблемите со кои се соочуваат граѓаните Роми е

---

[5] Институт за човековите права „Лудвиг Болцман“ – БИМ-ФВ (2012). *Децентрализација на социјалната заштита во Република Македонија – фактичка состојба, предизвици и можности на локално ниво*. Достапно на:

[6] Народен правобранител на Република Македонија (2017). *Извештај од извршеното истражување за состојбите со остварувањето на правото на социјална парична помош во Република Македонија*. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2017/Izvestaj%20SPP-2017.pdf

[7] Иако со последната измена на Правилникот за утврдување на приходите на граѓаните се враќа правото на граѓаните-корисници, според Министерството за труд и социјална политика вкупно 910 граѓани во Република Македонија го изгубиле правото на социјална парична помош поради брз трансфер на пари, иако овие пари „ниту се оданочуваат, ниту се препишуваат во Управата за јавни приходи“. Дел од овие случаи се регистрирани и со наодите од ова истражување.
Официјалното известување е достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/juli-2017-ns_article-ministerkata-carovska-gi-povika-licata-koi-go-izgubile-pravoto-na-koristenje-na-socijalna-pomosh-por.nspx

[8] Телеграмата на Министерството за труд и социјална политика со која практично се наложува расното профилирање, чиј текст е цитиран во Пресудата по предметот XXVIII П4-1228/13 (Основен суд *Скопје 2*).

квалитативно поинаква од нетривијалните проблеми на општата популација и за дел од нив ја доведува во прашање основната егзистенција. И во општата популација најчести се проблемите со домувањето или поседувањето имот, но дел од испитаниците во ова истражување не можеле да го остварат ниту основното право на домување. Соочен со повеќекратна маргинализираност, системот не смее да интервенира инцидентно или само палијативно (како што се привремените сместувања на дислоцираните граѓани).

8) Конечно, Државниот завод за статистика и другите овластени носители на статистичка дејност треба да ја исполнат обврската да произведуваат и да дисеминираат податоци за етничките малцинства. Во отсуство на официјални податоци за опишување на предметната популација, обидот за мапирање на правните потреби е деконтекстуализиран.

9) Додека официјалната статистика затајува, од корист можат да бидат локалните граѓански организации. Ако се зајакне „статистичката инфраструктура“ на овие организации за администрирање на корисниците на нивните сервиси, ќе се зголеми и обемот и достапноста на референтните податоци за информирање на јавните политики и интервенции, но и за мерење на ефектите од имплементираното од постоечките стратешки и национални документи за социјална инклузија на Ромите. Во меѓувреме, се менуваат националните и акциските планови, но никој не знае дали е нешто сменето.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето беше спроведено од страна на Реактор – истражување во акција во 2017 година, а иницирано и поддржано од страна на Фондација Отворено општество – Македонија. Методологијата што ја користевме во истражувањето се заснова на адаптацијата на Хејзл Ген (Hazel Genn),[9] направена за националната репрезентативна студија[10] за општата популација во Македонија. Методологијата за националната студија подготвена во 2012 година беше дополнително адаптирана, за да може посоодветно да ги прикаже состојбите и потребите на ромското население. Разликите меѓу двете методологии се детално објаснети понатаму во текстот, но клучната разлика е во начинот на прибирање на податоците – за разлика од телефонската анкета, користена за националниот извештај, овде е користена теренска анкета, при што се интервјуирани вкупно 1.011 граѓани од 19 општини.

### ДИЗАЈН НА ПРИМЕРОКОТ

Предметната популација на истражувањето беше ромското население во Република Македонија на возраст од 18 или повеќе години. За селекција на примерокот беше применет повеќефазен пристап. Во првата фаза беа избрани 20[11] општини каде што застапеноста на Ромите е најмалку 2,66%, колку што всушност изнесува процентуалната застапеност на ромското население на ниво на државата, според податоците од пописот[12] од 2002 година. Отстапување од критериумот за избор на општини беше направено за да се вклучат и оние граѓани кои се сместени во областа „под Кале“ и во Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца „Ранка Миловановиќ“ од Скопје.

Имајќи ја предвид големата географска и резиденцијална сегрегираност на ромската популација, во избраните општини беа мапирани улици на кои минимум 50% од жителите се Роми. Во отсуство на официјални статистички записи, за идентификација на улиците беа користени неофицијалните податоци на граѓанските организации чиишто примарни корисници се граѓаните Роми во избраните општини и општинските власти, контактирани преку барања за слободен пристап до информациите. Откако беа идентификувани сите улици кои го задоволуваат критериумот, истите беа назначени по населби или по маала. Листите на идентификуваните улици кои просторно ја конституираат населбата беа рандомизирани и анкетирањето во секоја од мапираните населби започнуваше на првата улица на листата. Доколку предвидениот број анкети не беше исполнет на првата улица од листата, се продолжуваше на втората од листата улици за населбата итн. На овој начин, со анкетата беа опфатени сите мапирани ромски населби.

---

[9] Genn, H., Beinart, S., Finch, S., Korovenssis, C., & Smith., P. (1999). Paths to Justice Scotland: What People in Scotland Do and Think About Going to Law. Oxford - Portland Oregon: University College London.

[10] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

[11] Избрани беа општините: Шуто Оризари, Пехчево, Виница, Прилеп, Дебар, Кичево, Кочани, Чаир, Штип, Куманово, Делчево, Берово, Крива Паланка, Ѓорче Петров, Гази Баба, Гостивар, Битола, Тетово, Илинден. Од првично избраните општини, во финалниот примерок не влезе само Општина Градско, бидејќи според пропорционалната алокација на примерокот од Градско беа потребни само три анкети.

[12] Државен завод за статистика (2005). *Попис на населението, домаќинствата и становите 2002, Книга XIII*

Селекцијата[13] на домаќинствата на избраните улици се вршеше според правилото на „рута по случаен избор,“[14] а испитаниците во домаќинствата беа избирани според правилото на „последен роденден“.[15]

ПРИМЕРОК

Примерокот беше дизајниран врз основа на официјалните податоци од пописот[16] од 2002 година, а предвидениот број анкети беше распределен пропорционално. Распределбата на примерокот по населби беше пропорционална на големината на населбите. Како проценки за големината на населбите беа користени податоците за: вкупниот број регистрирани куќни броеви на улиците кои ја конституираат населбата; вкупниот број регистрирани гласачи на избраните улици, според Избирачкиот список на Државната изборна комисија[17], и интерната евиденција на локалните граѓански организации, кои најчесто располагаат со неофицијални проценки за бројот на ромските домаќинства по маалата или населбите во општините каде што работат и дејствуваат.

Ограничувањата на ваквите проценки се очигледни, но во отсуство на достапна официјална статистика за ромското население на ниво на помалите просторни единици (пр. пописни кругови), со триангулацијата на овие извори можевме да ја квантификуваме големината на населбите во однос на популацијата.

Пресметката за големината на примерокот се базира на формулата на Кохран (Cochran, 1977)[18] и не е приспособена за ефектот на дизајн[19]. Во конечниот примерок учествуваа 1.011 испитаници.

## ПРАШАЛНИК

При составувањето на прашалникот беа земени предвид достапните прашалници во претходните истражувања за правните потреби (Coumarelos, Wei, Zhou, 2006[20]; Genn, &

[13] Изработката на списоците на домаќинствата преку попишување на избраните улици беше надвор од планираните ресурси и, оттаму, не бевме во можност да конструираме изборна рамка. Ова оневозможи да дојде до формирање на веројатносен примерок за кој ќе може да се пресмета примерочна грешка, како индиција за статистичката сигурност на податоците. Приложените податоци се добиени со директна обработка на примерокот и не се пондерирани.

[14] Се избираше секоја трета куќа од десната страна на избраната улица. Примената на правилото беше отежната, особено во помалку урбанизирани населби, а евидентни отстапки од правилото беа направени при изборот на домаќинствата сместени во областа „под Кале“ и во Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца „Ранка Миловановиќ“ од Скопје.

[15] Од полнолетните членови на домаќинството, анкетарите требаше да го интервјуираат лицето кое последно имало роденден, според датумот на денот на посетата. Во селекцијата не учествуваа членови на домаќинството кои се привремено отсутни (на пример, на работа во друг град).

[16] Државен завод за статистика (2005). *Попис на населението, домаќинствата и становите 2002, Книга XIII*

[17] https://izbirackispisok.gov.mk/Search.aspx?type=address

[18] Cochran, W. G. (1977). Sampling techniques. *New York: John Wiley and Sons*.

[19] Големината на примерокот n = 1.046 е добиена ако се претпостави маргина на грешка е +-3%, ниво на сигурност $\alpha$=.05, пропорција p = q = 0.50, и големина на предметна популација N = 53.879.

[20] Coumarelos, C., Wei, Z., & Zhou, A. Z. (2006). *Justice made to measure: NSW legal needs survey in disadvantaged areas*. Law and Justice Foundation of New South Wales.

Beinart, 1999[21,]; Plesence, Balmer, Patel, Cleary, Huskinson, & Cotton, 2011[22]), во најголем дел прашалникот развиен за националната студија[23] на ниво на Република Македонија (Коруновска Србјанко, Коруновска и Малеска, 2013, кој е пак приспособување на прашалникот на Ген (Genn & Beinart, 1999). [24]

Во обид да се идентификуваат категориите проблеми кои се потенцијално порелевантни за ромското население, во иницијалната фаза на развој на прашалникот беа консултирани националните стратешки документи произлезени од Декадата на Ромите (Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020[25], Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2005-2014[26]) и постојните извештаи[27,28,29]. За понепосреден увид во правните проблеми на кои се поранливи Ромите, беше реализирана фокус-група[30] со претставници на шест граѓански организации кои дејствуваат во девет општини, меѓу другото нудејќи им правна и параправна помош на граѓаните Роми.
Имајќи ги предвид наодите од фокус-групата и прегледот на постојните извештаи и стратешки документи, прашалникот користен од националната студија[31] беше приспособен и беа идентификувани 14 категории правни проблеми:

[21] Genn, H., & Beinart, S. (1999). Paths to justice: what people do and think about going to law. Hart Publishing.
[22] Pleasence,P., Balmer,N.J., Patel,A.,Cleary,A., Huskinson,T. and Cotton,T. (2011). Civil Justice in England and Wales 2010: Report of the First Wave of the English and Welsh Civil and Social Justice Panel Survey. London: Legal Services Commission.
[23] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.
[24] Genn, H., & Beinart, S. (1999). Paths to justice: what people do and think about going to law. Hart Publishing.
[25] Министерство за труд и социјална политика (јуни 2014). Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020
[26] Министерство за труд и социјална политика (јануари 2005). Стратегија за Ромите во Република Македонија 2005-2014
[27] Стојановски В., Чаловска, Н., Мурати, А., Скендери, С., Јашаревски, А., Голубовска, Ј. (2014). *„Помеѓу имплементација и реалноста на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Ромите 2005-2015“,* повлечено од: http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/630/Romi_Analiza_Helsinski.pdf
[28] Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика. (2012). *Мултииндикаторско кластерско истражување(MICS)*. Достапно на https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MICS_MKD_FINAL_websize.pdf
[29] The United Nations Development in the former Yugoslav Republic of Macedonia. *The Living Standards of Roma in the Country*.
Достапно на:
http://www.mk.undp.org/content/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/en/home/library/poverty/the-living-standards-of-roma-in-the-country.html
[30] Сумарните наоди од фокус-групата во форма на идентификувани проблеми се приложени во Анекс I
[31] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

**Категории проблеми**

- Потрошувачка
- Работа/вработување
- Домување/поседување имот
- Дискриминација
- Пари/долгови
- Социјални прашања/државна помош
- Образование
- Деца
- Развод или прекин на вонбрачна заедница
- Семејно насилство
- Повреди на јавно или на работно место
- Здравство
- Премин на границии
- Друго (проблем со полиција, злоупотреба на лични податоци и сл.)

Нова тематска целина на проблеми во овој прашалник е категоријата проблеми поврзани со преминот на границите и, секако, додавањето одделни поткатегории во постоечките категории проблеми за кои фокус-групите покажаа дека се релевантни за ромското население. Во оваа смисла, дел од проблематичните околности отвораат законски прашања кои не се нужно нормирани само преку системот на граѓанско право.

Детален преглед на структурата на прашалникот е даден во Анекс I.

## ТЕРЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА

Прибирањето на податоците се вршеше во периодот од 11.7.2017 до 15.9.2017 година и од 6.11.2017 до 27.11.2017 година. За теренската реализација беа ангажирани 58 анкетари и 15 теренски супервизори, со посредство на 12 граѓански организации чиишто примарни корисници се граѓаните Роми во општините каде што дејствуваат.

За анкетарите и за теренските супервизори беа организирани две обуки. Првата обука беше воведно претставување на концептуалната и на методолошката рамка на истражувањето, а втората, која се реализираше посебно со секоја од организациите непосредно пред почетокот на теренската реализација во нивните општини, требаше да овозможи поинтензивно запознавање со прашалникот и со процедурите за селекција на домаќинствата и испитаниците.

Во просек, задавањето на прашалникот траеше околу половина час, доколку не беше регистриран ниту еден правен проблем, а дополнителни десетина до петнаесет минути

доколку беше констатиран барем еден проблем за кој се разгледуваа патиштата за правдата, исходите и последиците.

Работата на анкетарите беше следена и координирана на дневно ниво, од страна на теренските супервизори, кои освен надзорна улога имаа обврска да ги внесуваат пополнетите прашалниците во online платформата LimeSurvey.

## ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ

Во финалниот примерок учествуваа 1.011 испитаници од 19 општини во Република Македонија. Избрани беа општините каде што застапеноста на Ромите е минимум 2,66%, колку што е всушност процентуалната застапеност на ромското население на ниво на РМ, според податоците од пописот 2002 година.

| **Општина** | **f** | **Валиден %** |
|---|---|---|
| Шуто Оризари | 256 | 25,3 |
| Пехчево | 9 | 0,9 |
| Виница | 28 | 2,8 |
| Прилеп | 100 | 9,9 |
| Дебар | 24 | 2,4 |
| Кичево | 37 | 3,7 |
| Кочани | 45 | 4,5 |
| Чаир | 70 | 6,9 |
| Штип | 50 | 4,9 |
| Куманово | 96 | 9,5 |
| Делчево | 15 | 1,5 |
| Берово | 10 | 1 |
| Крива Паланка | 15 | 1,5 |
| Ѓорче Петров | 28 | 2,8 |
| Гази Баба | 54 | 5,3 |
| Гостивар | 51 | 5 |
| Битола | 59 | 5,8 |
| Тетово | 55 | 5,4 |
| Илинден | 9 | 0,9 |
| Вкупно | 1.011 | 100,0 |

Табела 1. *Општини опфатени во примерокот*




*Графикон 1*. Полова структура

Учеството на жените и на мажите во примерокот е приближно еднакво и во конечниот примерок 48,4% од испитаниците се жени.

| | f | % | Валиден % |
|---|---|---|---|
| Женско | 489 | 48,4 | 48,4 |
| Машко | 522 | 51,6 | 51,6 |
| Вкупно | 1.011 | 100,0 | 100,0 |

*Табела 2*. Полова структура




*Графикон 2*. Возрасна структура

Просечната возраст на испитаниците изнесува 41,63 години. Минималната возраст беше 18 години, додека максималната возраст беше 82 години.

| | | f | % | Валиден % | Кумулативен % |
|---|---|---|---|---|---|
| | 18-29 | 242 | 23,9 | 23,9 | 23,9 |
| | 30-39 | 246 | 24,3 | 24,3 | 48,3 |
| | 40-49 | 199 | 19,7 | 19,7 | 68,0 |
| | 50-59 | 198 | 19,6 | 19,6 | 87,5 |
| | 60-69 | 99 | 9,8 | 9,8 | 97,3 |
| | 70-79 | 25 | 2,5 | 2,5 | 99,8 |
| | 80+ | 2 | 0,2 | 0,2 | 100,0 |
| | Вкупно | 1.011 | 100,0 | 100,0 | |

*Табела 3*. Возрасна структура




*Графикон 3.* Образовна структура

Речиси половина од испитаниците (48,3%) имаат завршено само основно училиште, а 35,7% од испитаниците се без образование. Само 0,4% од примерокот се со високо образование.

| | | **f** | **%** | **Валиден %** | **Кумулативен %** |
|---|---|---|---|---|---|
| | Без завршено основно училиште | 361 | 35,7 | 35,7 | 35,7 |
| | Со основно училиште | 488 | 48,3 | 48,3 | 84,0 |
| | Средно училиште | 157 | 15,5 | 15,5 | 99,5 |
| | Виша | 1 | 0,1 | 0,1 | 99,6 |
| | Факултет | 4 | 0,4 | 0,4 | 100,0 |
| | Вкупно | 1.011 | 100,0 | 100,0 | |




*Графикон 4.* Структура според статусот на пазарот на трудот

Невработени се 68,7% од примерокот, од кои 42,7% се изјасниле како невработени кои бараат работа, додека 26% како невработени кои не бараат работа. Вработени со договор за вработување се 12,8% од испитаниците, додека 9,1% од примерокот работат непријавени, т.е. без договор за вработување.

*Табела 4.* Структура според статусот на пазарот на трудот

| | | **f** | **%** | **Валиден %** |
|---|---|---|---|---|
| | Пензионери | 70 | 6,9 | 7,1 |
| | Студенти | 6 | 0,6 | 0,6 |
| | Неактивни | 263 | 26,0 | 26,5 |
| | Невработени кои бараат работа | 432 | 42,7 | 43,5 |
| | Вработени без договор | 92 | 9,1 | 9,3 |
| | Вработени со договор | 129 | 12,8 | 13,0 |
| | Вкупно | 992 | 98,1 | 100,0 |
| | Недостигаат | 19 | 1,9 | |
| Вкупно | | 1.011 | 100,0 | |




*Графикон 5.* Структура според месечните приходи во домаќинството

62,8% од испитаниците живеат во домаќинства во кои месечните приходи се до 10 000 денари, што значи дека повеќе од половина од овие граѓани со своите семејства месечно имаат на располагање помалку од моменталната минимална нето-плата. Речиси секој десетти (9,7%) одбил да даде одговор за висината на приходите.

| | | f | % | Валиден % | Кумулативен % |
|---|---|---|---|---|---|
| | Помалку од 5 000 денари | 271 | 26,8 | 26,8 | 26,8 |
| | Меѓу 5 001 и 10 000 денари. | 364 | 36,0 | 36 | 62,8 |
| | Меѓу 10 001 и 20 000 денари. | 213 | 21,1 | 21,1 | 83,9 |
| | Меѓу 20 001 и 30 000 денари. | 45 | 4,5 | 4,5 | 88,3 |
| | Меѓу 30 001 и 40 000 денари. | 14 | 1,4 | 1,4 | 89,7 |
| | Меѓу 40 001 и 50 000 денари. | 4 | 0,4 | 0,4 | 90,1 |
| | Меѓу 50 001 и 60 000 денари. | 1 | 0,1 | 0,1 | 90,2 |
| | Повеќе од 60 001 денари. | 1 | 0,1 | 0,1 | 90,3 |
| | Одбива да одговори | 98 | 9,7 | 9,7 | 100,0 |
| | *Вкупно* | *1011* | *100,0* | *100,0* | |

*Табела 5.* Структура според висината на просечните приходи во домаќинството

## МЕТОДОЛОШКИ РАЗЛИКИ И ОПРАВДАНОСТ НА СПОРЕДБИТЕ МЕЃУ РОМСКОТО И ОПШТОТО НАСЕЛЕНИЕ

Бидејќи е неизбежна споредбата на наодите од ова истражување со наодите констатирани за општата популација, во продолжение даваме преглед на методолошките разлики меѓу двете истражувања - што може и е оправдано да се контекстуализира, а за што повикуваме на внимателност при споредбите.

Освен временската дистанца од пет години, период за кој е разумно да се претпостави дека состојбите во меѓувреме се измениле, првата клучна методолошка разлика меѓу двете истражувања се однесува на начинот на кој се прибирани податоците. Националното истражување беше направено со телефонски интервјуа, пристап што беше неприменлив во обидот да се таргетираат само Ромите кои како националност се мал процент од вкупниот број жители во Република Македонија. Двете техники за прибирање податоци имаат свои предности и недостатоци - ако телефонските интервјуа нудат поголема анонимност, што може да резултира со поголема отвореност во одговорите, интервјутата лице в лице се попогодни кога содржината на прашањата е покомплексна за комуницирање, што беше случај и со ова истражување.

Втората суштинска разлика меѓу двете истражувања е поврзана со дизајнот на примероците. Иако примероците во двете истражувања беа формирани со амбиција да бидат репрезентативни (што значи примерокот доследно да ја отсликува популацијата) и „доволно големи“ за да може, со извесна статистичка сигурност, да се донесат заклучоци за популацијата, предизвикот да се формира репрезентативен примерок за Ромите во РМ беше голем, особено во отсуство на обновена статистичка евиденција за ова население.

Годишните проценки на населението, кои редовно ги прави ДЗС, не содржат проценки за населението во однос на националната припадност, па оттаму последно достапни официјални податоци за ромското население се податоците од последниот попис (2002), според кој Ромите се 2,66% од населението во РМ. Во моментот на планирање на примерокот овие податоци беа стари петнаесет години.

Дизајнот на примерокот за ромската популација е покомплексен од примерокот за општата популација и во однос на бројот на фазите на селекција и во поглед на процедурите за селекција, што ја отежна и теренската реализација и проценката за сигурноста на статистичките заклучоци. Кога зборуваме за неговата демографска репрезентативност, треба да нагласиме дека примерокот е практично репрезентативен за Ромите кои живеат во мнозинските ромски заедници, што е најблиску до репрезентативност што може да се постигне кога станува збор за малцинска популација. Во мапирањето на мнозинско ромските населби и улици ни помогнаа ЕЛС и граѓанските организации, на кои сакаме да им изразиме огромна благодарност. Но, мора да нагласиме дека ова значеше и користење неофицијални податоци за планирање на примерокот.

Кога зборуваме за можностите за споредба на наодите од двете истражувања, треба да ги нагласиме и разликите во демографската структура на двата примерока, кои ако се претпостави репрезентативност ги отсликуваат и демографските разлики меѓу двете

популации. Нагласката на демографските разлики е важна доколку се има предвид дека со истражувањето на општата популација, меѓу другото, откривме и дека пообразованите и економски активните наведуваат повеќе правни проблеми, што беше протолкувано во контекст на тоа дека тие повеќе можат да ги препознаат проблемите кои имаат потенцијал да се решат по правен пат.

Во однос на ваквиот наод, важно е да ја потенцираме демографската различност на двата примерока. Мнозинството испитаници Роми имаат завршено само основно образование (48,3%) или се без формално образование (35,7%), додека во општата популација просечниот испитаник е со завршено средно образование (50,5%), а само 1,6% се без формално образование. Од друга страна, наспроти 20,6% во примерокот од општата популација, само 0,4% од Ромите се со факултетско образование. Во однос на статусот на пазарот на трудот, иако и во примерокот од општата популација секој трет е невработен (33,3%), а 36,3% се вработени со договор, кај Ромите огромно мнозинство (или 70%) од примерокот се невработени, а само 13% се вработени со договор.

Коментирајќи ја демографската структура мора да потенцираме дека разликите се особено нагласени во однос на месечните приходи на домаќинствата. Во прашањето за општата популација не беше ниту понудена категоријата „вкупни месечни приходи под 5.000 денари“, а кај Ромите повеќе од една четвртина (26,8%) од домаќинствата, според приходите, спаѓаат токму во оваа категорија. Мнозинството, или вкупно 62,8% од ромските испитаници, живеат во домаќинства со месечни приходи пониски од 10 000 денари, додека процентот на овие домаќинства во примерокот од општата популација е 14,9%. Од друга страна, наспроти 40,7% од домаќинствата од општата популација кои имаат месечни приходи над 60.001 денар, само 1 испитаник Ром пријавил дека живее во домаќинство со месечни приходи повисоки од 60.001 денар, што претставува 0,1% од примерокот.

Ваквите драстични разлики сами по себе отвораат многу прашања и во презентацијата на наодите ќе видиме дали се потврдени истите социодемографски поврзаности како и кај општата популација.

Ако се навратиме на методолошките разлики, освен разликите во начинот на прибирање на податоците и селекцијата на примерокот, третата клучна разлика која ги комплицира споредбите се однесува на разликите во користените прашалници. За да видиме дали Ромите се поранливи на одредени категории проблеми, споредено со општата популација, прашалникот што го користевме во ова истражување во голема мера го базиравме на прашалникот развиен за националната студија од 2013. Сепак, за да можеме да ги разбереме проблемите кои се порелевантни за Ромите, а се „невидливи“ за општата популација, моравме да направиме одредени приспособувања. Овие измени пред сѐ се однесуваат на: 1) проблемските категории и прашањата што ги дефинираат правните настани, и 2) компромисите поврзани со „кратењето“ или елиминирањето на одредени прашања, за да се намали времетраењето на интервјуата, бидејќи времето на задавање на прашалникот беше дополнително оптоварено со процедурите за избор на испитаник од домаќинството (што не беше случај во националната студија).

За да ги утврдиме категориите проблеми кои се горливи за Ромите, но не се содржани или се само периферно опфатени со прашалникот од старата студија, доследно на методологијата на старата студија, беше направена фокус-група за да можат да се издвојат правните проблеми кои се порелевантни за предметната популација. Фокус-групата во истражувањето за Ромите беше спроведена со претставници на граѓанските организации кои нудат правна или параправна помош, примарно на граѓани Роми. Како што беше навестено и со студијата од општата популација, од резултатите на оваа фокус-група произлезе потребата како посебна категорија да се издвои проблемот поврзан со етничкото профилирање и забраната за излез од границите на РМ, што во старата студија беше опфатено како прашање во делот „други проблеми". Овојпат сакавме подетално да ги опфатиме сите придружни прекршувања поврзани со феноменот (како малтретирање од страна на граничната полиција, одземање пасош и сл.). Издвојувањето се покажа како оправдано ако се има предвид дека секој четврти од оние кои се обиделе да патуваат надвор од РМ во последните три години бил вратен од граница. Она што е особено поразително е фактот дека во 75,6% од детално разгледуваните проблеми со преминот на границите од страна на жртвите не е преземено ништо за решавање на проблемот.

Освен начелното издвојување на посебни категории, се појави и потребата за редефинирање на проблемските категории и прашањата што ги содржат. На пример, во категоријата поврзана со здравствените проблеми, се наметна обврската поспецифично да се дефинираат прекршувањата кои во старата студија беа опфатени со поткатегоријата „повреди на правата на пациентите". За жал, ова се покажа како особено лесно, бидејќи граѓанските организации кај своите корисници веќе имаа евидентирано различни случаи поврзани со незаконската наплата, неиздавањето фискални сметки за здравствените услуги, занемарувањето на повиците за итна медицинска помош и сл. Ваквото специфицирање, кое се покажа како нужно, ја обремени категоријата и ние сметавме дека проблемите поврзани со сообраќајните несреќи и повредите на работното место, кои во старата студија беа сместени во категоријата „здравствени проблеми", треба да се одвојат. Ова ја комплицира споредбата на процентот испитаници кои имале барем еден проблем поврзан со пристапот до здравствените услуги, бидејќи во старата студија процентот ги содржи и проблемите кои во оваа студија се издвоени од оваа категорија. За да биде поочигледно, доколку на проблемската категорија поврзана со пристапот до здравствените услуги се додадат и проблемите поврзани со сообраќајните несреќи и повредите на јавно или на работно место, процентот на испитаници Роми со барем еден проблем од вака дефинираната категорија се зголемува од првичните 12,8% на 15,1%, па споредно со 6% (кај општата популација) разликата од повеќе од двојна се приближува кон тројна.

Особено релевантна проблемска категорија за Ромите, според наодите од фокус-групата, беа проблемите поврзани со остварувањето на правата поврзани со социјалната заштита, кои во старата студија начелно се опфатени во категоријата „проблеми со државните услуги и трансфери". За поцелисходно таргетирање на проблемите, во прашалникот за Ромите посеопфатно се набројани правата поврзани со социјалната заштита, а на сметка на ваквата деталност не беа разгледани прекршувањата поврзани со правата како што се: државната помош за рурален развој, земјоделските субвенции, правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и слично. Дополнително, надвор од правата на социјална заштита, во листата беа додадени и правото за бесплатна правна помош, а беа „задржани"

и одредени права, како на пример правото на субвенции за електрична енергија. Освен потесниот или пофокусиран опфат на разгледуваните права поврзани со државната помош, во прашалникот за Ромите беа „физички“ издвоени правата од различните проблеми поврзани со нивното остварување. На испитаниците им се набројуваа правата од листата, а доколку во последните три години аплицирале за некое од наведените права се прашуваа на какви проблеми наишле притоа. Ова ни овозможи да заклучиме не само колкав процент од примерокот се соочиле со проблем, туку колкав процент од граѓаните кои аплицирале за остварување на одредено право се соочиле со прекршување на правото. Бидејќи во старата студија испитаниците не беа „филтрирани“ во зависност од тоа дали се обиделе да побараат државна помош или не, нема компарабилна бројка за да видиме дали меѓу оние кои бараат помош, процентот на оние кои претрпуваат прекршување е поголем кај Ромите или пак во општата популација. Дури и кога се споредуваат процентите на ниво на цел примерок, компарациите се комплицирани, бидејќи во прашалникот за Ромите, во поглед на опфатените права, категоријата е потесно дефинирана.

Третата категорија проблеми за која може да се потенцираат суштински разлики се однесува на проблемите поврзани со дискриминацијата. Сакајќи подетално да ги разгледаме проблемите со дискриминацијата кај Ромите, дискриминацијата по однос на етничката припадност ја одвоивме од другите „припадности“ кои можат да бидат повод за дискриминација (род, брачен статус, возраст и сл.) и ја разгледувавме преку различни ситуации кои беа посочени како примери од страна на граѓанските организации (занемарување на повиците за итна медицинска помош, одбивање прием на клиника, враќање или малтретирање на граница и сл.). Слично како и во старата студија, прашалникот концептуално беше поделен на два дела: со првиот се разгледува кои проблеми се случиле во последните три години, а со вториот се анализираат патиштата до правдата. Во старата студија испитаниците се прашуваа дали сакаат да продолжат со интервјуто за да се разгледаат патиштата до правдата за избраниот проблем, додека во ова истражување директно се преминуваше на овие прашања. Од една страна, барањето на две согласности за учество (на почетокот од интервјуто и пред да се премине на вториот дел) во старата студија отвори и двојна можност за одбивање на учеството, а од друга страна внесе и извесна пристрасност во изборот, т.е. може да се претпостави дека оние чиишто проблеми се разгледувани се делумно себеселектирани[32]. Бидејќи во истражувањето со Ромите сите испитаници кои имаа барем еден проблем одговараа за тоа како се соочиле со проблемот, донекаде е оправдано да се тврди дека примерокот на испитаници Роми, чиишто проблеми се разгледувани, е порепрезентативен. За споредба, во старата студија 49% од испитаниците имале барем еден проблем, но само 29% се согласиле да продолжат со интервјуто. Сепак, со оглед на големината на првично планираниот примерок за општата популација, и овој процент овозможи доволно голем примерок (806 граѓани) за да може да се заклучува за доминантните стратегии на соочување на граѓаните.

Во вториот дел од прашалникот, во кој се разгледуваа преземените чекори за решавање на проблемот, една од клучните разлики меѓу двата прашалници е фактот што во старата студија испитаниците се прашуваат што прво направиле во врска со проблемот (првата реакција на проблемот), а потоа што презеле дополнително. Бидејќи понудените

[32] На пример, валидна е претпоставката дека поподготвени да зборуваат за своите проблеми може да бидат оние кои се соочуваат со посериозни проблеми.

алтернативи за кодирање на реакциите на проблемот беа исти во двете прашања (на пример, ја контактирав другата страна за да се договорам, побарав совет од адвокат, отидов на суд и сл.), за да нема непотребни повторувања, во прашалникот за Ромите имаше само едно прашање на кое требаше да одговорат испитаниците, а тоа е што сè направиле во врска со проблемот. Ова подразбира неопходност од внимателна споредба на новите наоди за реакциите на проблемот со оние презентирани во старата студија. На пример, во општата популација, 75 испитаници или 9,2% од оние со барем еден проблем одговориле дека како прва реакција на проблемот отишле на суд, а дополнителни 106 испитаници ја избрале оваа акција како друга реакција на проблемот. Тоа значи дека вкупно 181 испитаник или 22,02% од оние со барем еден проблем, односно 33,77% од активните во општата популација, се обиделе да го решат својот проблем на суд, додека кај Ромите само 15 испитаници имале искуство со судски спор, што претставува 2,1% од оние кои имале барем еден проблем и 4,2% од оние кои презеле активна стратегија за справување со проблемот. Разликата во искористеноста на судовите како механизам за остварување правда кај двете популации е голема, но може да се потцени доколку се споредува само со процентот за првата реакција на проблемот.

Дополнително, во понудените одговори за реакцијата на проблемот, во новиот прашалник за Ромите како алтернатива беше понудено и „побаравте помош од роднина или пријател“, по примерот на прашалникот што се применува во националните студии во Англија и во Велс[33], додека во стариот прашалник оваа алтернатива е изоставена во прашањата кои се однесуваат на реакциите на проблемот, но „роднина/пријател/колега“ е понуден одговор во делот каде што се разгледува со кого сè се советувал испитаникот во врска со проблемот. Ова е особено важна разлика бидејќи дали биле преземени активни или пасивни стратегии во врска со проблемот се откриваше токму од прашањата кои се однесуваа на реакциите на проблемот. Во таа смисла, во новата студија со Ромите за активно соочување со проблемот се смета и ако испитаникот/испитаничката побарал/а помош од роднина или пријател, додека во старата студија, како што е нагласено, ова не беше експлицитно понудено како алтернатива. Колку тоа може да ја смени сликата може да видиме од наодот дека меѓу оние кои примениле активни стратегии ова е трета најзачестена реакција и дека 21,8% од Ромите на овој начин активно се соочиле со проблемот што го отвора прашањето: За колку ќе се намалеше процентот на активни стратегии доколку како можен одговор не беше понудена оваа алтернатива?

Како што споменавме погоре во текстот, бидејќи времето на задавање на прашалникот беше обременето, неизбежно беше да направиме одредени компромиси и да „избришеме“ некои прашања. Скратени беа вкупно 9 прашања од делот „Патишта до правдата“. Најголем дел од нив се однесуваат на детали околу најсуштинскиот советувач (што ги натерало испитаниците да го контактираат, по колку време откако започнал проблемот го контактирале, колку пати зборувале лично или по телефон со најсуштинскиот советодавач и сл.). Дополнително, за да се намали когнитивниот товар при одговарањето, бројот на понудени одговори или скалата за проценка на одредени прашања беа изменети. На пример, на прашањето за перципираното траење на проблемот, во старата студија имаше пет

[33] Pleasence,P., Balmer,N.J., Patel,A.,Cleary,A., Huskinson,T. and Cotton,T. (2011). Civil Justice in England and Wales 2010: Report of the First Wave of the English and Welsh Civil and Social Justice Panel Survey. London: Legal Services Commission.

понудени одговори, а бројот на понудени одговори во новата студија беше сведен на три: проблемот траеше 1) подолго; 2) пократко, или 3) толку колку што очекувавте. Во таа смисла, кога се споредуваат наодите на ова прашање, податоците од општата популација треба да се рекомбинираат, на пример да се собере бројот на испитаници кои одговориле „многу пократко...“ со оние кои одговориле „малку пократко...“, за категоријата да биде еквивалентна на одговорот „пократко отколку што очекувавте“ во новата студија.

Како што е навестено во овој кус преглед, методолошките разлики меѓу двете студии постојат и не е секогаш на прв поглед очигледно каков е нивниот ефект. Ова ги „замрсува“ заклучоците, но споредбите се неизбежни, а разликите очекувани. Ги охрабруваме читателите да ги контекстуализираат податоците од оваа студија со наодите констатирани за општата популација, но повикуваме на внимателност во толкувањата. Дури и кога прашањата и понудените одговори се исти, големината на разликите не е секогаш доволна за да се „раскаже приказната“. На пример, еден од контраинтуитивните наоди беше увидот дека процентот на завршени проблеми кај граѓаните Роми е значително повисок (38,6% кај општата популација, споредено со 49,4% кај Ромите). Доколку разликите се толкуваат изолирано, може да се добие впечаток дека Ромите се поефикасни во решавањето на своите проблеми. Но, доколку се увиди дека определбата дали одреден проблем е завршен или не, не зависи од тоа дали е преземено нешто за негово решавање или не, ќе се воочи и суптилната разлика, односно дека за оваа популација завршениот проблем не значи нужно и решен проблем. Оттаму, и стапката на завршени проблеми не може да се толкува како индиција за успешноста во справувањето со проблемите, како што е впрочем интерпретирана во старата студија.

## СЛИКАТА НА ПРОБЛЕМИТЕ

Во последните три години, дури 70% од граѓаните Роми имале најмалку еден правен проблем. Ваквата стапка го потврдува статусот на повеќекратна маргинализираност на ромската популација, доколку се има предвид дека според националната студија[34] во општата популација стапката на соочување со барем еден правен проблем изнесува 49%.

Во табелата 7 е наведена фреквенцијата на различните проблемски категории. Фреквенцијата, т.е. колку испитаници се соочиле со некој проблем во последните три години, е наведена во колоната „f“. Во колоната „Испитаници кои се квалификувани по проблемска категорија“ е претставено колку од испитаниците се нашле во околности од кои можат да произлезат проблемите опишани во проблемската категорија (на пример, за прашањата поврзани со проблеми со државната помош се „квалификувале“ само оние испитаници кои претходно одговориле дека некогаш побарале или добиваат некаква форма на државна помош).

| | **f** | **Испитаници кои се квалификувани по проблемска категорија** | **Во квалификуваната група** | **Во цел примерок** |
|---|---|---|---|---|
| Проблем со домувањето/ имотот | 388 | 100% | 38,40% | 38,40% |
| Проблем со пари/долгови | 272 | 100% | 26,90% | 26,90% |
| Проблеми со државната помош | 153 | 48,5% | 29,80% | 15,10% |
| Проблем со работа/ вработување | 149 | 62,7% | 23,80% | 14,70% |
| Потрошувачки проблем | 144 | 100% | 14,20% | 14,20% |
| Проблем со здравствените услуги | 129 | 100% | 12,80% | 12,80% |
| Дискриминација по етничка основа | 87 | 100% | 8,60% | 8,60% |
| Проблем со премин на границите | 87 | 34,4% | 25,00% | 8,60% |
| Дискриминација по друга основа | 46 | 100% | 4,50% | 4,50% |
| Проблем со закупување имот | 37 | 6.3% | 57,80% | 3,70% |

[34] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проблем со повреди на јавно или на работно место | 33 | 100% | 3,30% | 3,30% |
| Друго (неправеден третман од страна на полицијата, злоупотреба на личните податоци) | 29 | 100% | 2,90% | 2,90% |
| Проблем со децата | 23 | 50,9% | 4,50% | 2,30% |
| Проблем со семејно насилство | 11 | 100% | 1,10% | 1,10% |
| Проблем со развод | 5 | 4,2% | 11,90% | 0,50% |
| Проблем со образованието | 2 | 1% | 20,00% | 0,20% |
| Проблем со издавањето имот | 1 | 0,3% | 33,30% | 0,10% |

Табела 6. Застапеност на проблемските категории

На ниво на цел примерок најзастапени се проблемите со домувањето или имотот (38,4%), проблемите со пари и долгови (26,9%) и проблемите со остварување на правото за некој вид државна помош (15,10% во цел примерок и 29,80% во квалификуваната група, т.е. меѓу оние кои имале искуство со барање и/или добивање државна помош). Иако процентуалната застапеност е помала, и во истражувањето на општата популација од 2013 година[35] трите најчести категории проблеми се проблемите поврзани со домувањето/имотот (26,4%), потрошувачките проблеми (17,4%) и проблемите со пари и долгови (15,8%)

Ваквата доследност рефлектира кохерентна слика за она „што ги мачи“ граѓаните во Македонија, но дополнително фрла светло и на фактот дека за граѓаните Роми особено релевантни се проблемите со остварувањето на правата од областа на социјалната заштита и другите форми на државна помош. За жал, меѓу официјално објавените податоци на Државниот завод за статистика[36], не постојат податоци за корисниците на социјална заштита и другите државни услуги и трансфери, според етничката припадност на корисникот. Сепак, ако се земе предвид наодот од ова истражување - дека речиси половина (48,5%) од граѓаните Роми во последните три години користеле или аплицирале за некој вид државна помош, неизбежен е заклучокот дека диспропорционално големо мнозинство граѓани Роми се потенцијално ранливи на проблемите поврзани со социјалните трансфери.

Во однос на застапеноста на категориите проблеми за кои се „квалификуваа“ испитаниците, во зависност од тоа дали се соочиле или не се соочиле со околностите во кои тие проблеми можат да се појават, заклучокот е дека проблемите со државната помош (29,8%), проблемите со преминот на границите (25%) и проблемите со работа/ вработување (23,8%) се релативно најзачестени. Всушност, ова ја илустрира специфичната ситуација на ромското население во Македонија – од една страна, финансиската депривација која принудува на зависност од социјалните трансфери, а од друга страна соочувањето со флагрантните облици на дискриминација. Дополнително, иако како процент од примерокот

[35] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

[36] Државен завод за статистика, (2016). Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица во Република Македонија. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.11.pdf

бројот на граѓаните кои имале искуство со закупувањето имот во последните три години е мал, процентот на оние кои наишле на проблем во оваа категорија е релативно висок (57,8%).

Еден од проблемите што диспропорционално ги засега Ромите е проблемот со преминот на границите, кој е нотиран во повеќе извештаи[37,38,39], а несомнено се потврди и со наодите од ова истражување, кои упатуваат на тоа дека секој четврти граѓанин Ром кој се обидел да патува надвор од Република Македонија бил бесправно вратен од македонските граници.

Просечниот број проблеми со кои се соочуваат Ромите кои имале барем еден проблем во последните три години изнесува 3,48. Меѓутоа, треба да се нагласи присуството на исклучителни случаи (двајца испитаници пријавиле 31, односно 30 проблеми), што веројатно придонело за вештачко зголемување на просекот. Медијаната, т.е. средната вредност (како поконзервативна мерка за централна тенденција), изнесува 2. Доколку оваа средна вредност ја споредиме со просекот за бројот на доживеаните проблеми за кој се известува во националната студија,[40] а се движи меѓу 1,3 и 1,5 проблеми, нашиот наод не е сосема во согласност со истражувањата за правните потреби, кои потврдуваат врска меѓу социјалната и економската депривираност и зголемената ранливост на повеќе правни проблеми[41,4243,44,]

---

37 Стојановски В., Чаловска, Н., Мурати, А., Скендери, С., Јашаревски, А., Голубовска, Ј. (2014). „*Помеѓу имплементацијата и реалноста на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Ромите 2005-2015“.* Достапно на: http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/630/Romi_Analiza_Helsinski.pdf

38 Кацарска, С., Мојсовски, А. (2016). Ромите на македонските граници. Достапно на: http://epi.org.mk/docs/Osnovna%20studija_Romite%20na%20makedonskite%20granici.pdf

39 United States Department of State, Bureau of Democracy, Human Rights and Labor, (2016). *Country Reports on Human Rights Practices for 2016, Macedonia 2016 human rights report.* Достапно на: https://www.state.gov/documents/organization/265658.pdf

40 Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

41 Coumarelos, C., Macourt, D., People, J., McDonald, H.M., Wei, Z., Iriana, I., & Ramsey, S., (2012). Legal Australia-Wide Survey: legal need in Australia, Law and Justice Foundation of New South Wales, Sydney. Достапно на: http://www.lawfoundation.net.au/ljf/site/templates/LAW_AUS/$file/LAW_Survey_Australia.pdf

42 Currie, A. (2007). The legal problems of everyday life: the nature, extent and consequences of justiciable problems experienced by Canadians, Department of Justice Canada, Ottawa
Достапно на: http://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/jsp-sjp/rr07_la1-rr07_aj1/rr07_la1.pdf

43 Gramatikov, M. (2008). Multiple justiciable problems in Bulgaria, TISCO working paper series on civil law and conflict resolution systems, no. 08/2008, Tilberg University, Tilberg.

44 Pleasence, P., N. J. Balmer, & R. L. Sandefur. (2013). Paths to Justice: A Past, Present and Future Road-map. London: Centre for Empirical Legal Studies.




*Графикон 6.* Застапеност на проблемските категории во целиот примерок и во квалификуваната група

## СОЦИОДЕМОГРАФСКИ ИНДИКАТОРИ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ: РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ

За да се утврди дали веројатноста за соочување со правен проблем е различна за различни социодемографски категории, беше изведена регресивна логистичка регресија, која овозможува истовремено да се тестира предиктивната вредност на секоја од вклучените социодемографски варијабли[45].

Во табелата 8 се дадени вредностите за регресивните коефициенти, односот на шансите и нивните 95% интервали на сигурност.

[45] За да се избегне феноменот на големи стандардни грешки, кои имплицираат нестабилност на статистиките, пожелно е да се напомене дека поради ниската застапеност на одделни категории социодемографски варијабли во примерокот, истите беа исклучени од анализата или споени со категориите што им претходат. На пример, бидејќи во целиот примерок имаше само 6 студенти, оваа категорија од варијаблата статус на пазарот на трудот беше исклучена, бидејќи сметавме дека е неоправдано да се спои со категориите пензионери и невработени кои не бараат работа (иако овие три категории вообичаено ја конституираат категоријата неактивни на пазарот на труд), имајќи предвид дека граѓаните од овие категории можат да не формираат хомогена група во контекст на подложноста на различните видови правни проблеми кои се разгледувани. Од друга страна, иако висината на месечните приходи во домаќинството беше мерена преку 8 категории, со оглед на ниската зачестеност на оние со високи приходи, бројот на категориите во анализата беше намален на 5, со тоа што последните 4 категории беа споени во една.

| | B | S.E. | OR | 95% C.I. за OR | |
|---|---|---|---|---|---|
| Константа | 0,33 | 0,48 | 1,39 | | |
| Пол (женско) | 0,02 | 0,16 | 1,02 | 0,75 | 1,38 |
| Години (18-29 години) | | | | | |
| 30-39 години | 0,09 | 0,22 | 1,09 | 0,71 | 1,67 |
| 40-49 години | 0,20 | 0,24 | 1,22 | 0,76 | 1,93 |
| 50-59 години | 0,08 | 0,23 | 1,09 | 0,69 | 1,72 |
| 60-69 години | 0,29 | 0,33 | 1,33 | 0,69 | 2,55 |
| 70+ години | 1,04 | 0,63 | 2,82 | 0,83 | 9,63 |
| Образование (без завршено основно) | | | | | |
| Основно образование | 0,25 | 0,25 | 1,29 | 0,79 | 2,09 |
| Средно образование | 0,16 | 0,22 | 1,17 | 0,75 | 1,81 |
| Пазар на трудот (пензионери) | | | | | |
| Неактивни | 0,63 | 0,37 | 1,87 | 0,90 | 3,89 |
| Невработени кои бараат работа | 0,75 | 0,39 | 2,12 | 0,99 | 4,50 |
| Вработени без договор | 0,75 | 0,44 | 2,12 | 0,89 | 5,05 |
| Вработени со договор | 0,46 | 0,42 | 1,58 | 0,70 | 3,58 |
| Приходи (помалку од 5 000 денари) | | | | | |
| Меѓу 5 001 и 10 000 денари. | -0,40 | 0,20 | 0,67* | 0,46 | 0,99 |
| Меѓу 10 001 и 20 000 денари. | -0,64 | 0,24 | 0,53** | 0,33 | 0,83 |
| Меѓу 20 001 и 30 000 денари. | -0,54 | 0,39 | 0,58 | 0,27 | 1,24 |
| Повеќе од 30.001 денари. | 1,12 | 0,79 | 3,06 | 0,65 | 14,33 |
| Забелешка: B = регресивен коефициент; S.E. = стандардна грешка; OR = соднос на веројатност * p<.05, **p<.01, ***p<.001 | | | | | |

Моделот во кој се внесени само социодемографските варијабли е значаен $\chi 2$ (16) = 27,101, *p* = .040, но објаснува помеѓу 5 (Cox & Snell $R^2$= 0,03) и 7 (Nagelkerke $R^2$ = 0,04) проценти од варијансата во веројатноста да се наведе правен проблем.

Како што може да се види од табелата[46], наодите од логистичката регресија упатуваат на тоа дека веројатноста испитаникот да се соочи со правен проблем може да се предвиди само

[46] Вредностите во OR-колоната (соднос на шансите) кои имаат ѕвездички укажуваат на тоа дека варијаблата значајно ја предвидува веројатноста за соочување со правен проблем. Содносот на шансите утврдува колку е повеќе (OR > 0) или помалку (OR < 0) веројатно дека едно лице од одредена категорија ќе биде подложно на правен проблем, споредено со референтната категорија (во загради), кога сите други варијабли се држат константни. Во приложената табела значаен предиктор е само висината на месечните приходи, бидејќи шансите за правен проблем се многу поразлични кај граѓаните со приходи

од висината на приходите во домаќинството. Кога другите социодемографски варијабли се константни, споредено со лицата кои живеат во домаќинства со приходи помали од 5 000 денари, шансите за правен проблем се речиси двојно (1,90) помали кај домаќинствата со приходи меѓу 10 001 и 20 000 денари и за 1,48 пати помали кај лицата кои живеат во домаќинства со приходи меѓу 5 001 и 10 000 денари.

Ако издвоено ја анализираме само оваа карактеристика, можеме да заклучиме дека 79% од граѓаните со месечни приходи помали од 5 000 денари известиле барем за еден проблем, споредено со 62,4% од оние со приходи од 10 001 до 20 000 денари. Дополнително, иако според графиконот подолу може да се заклучи дека веројатноста да известат за правен проблем е најголема кај најсиромашните и кај најситуираните, треба да се нагласи дека процентот за категоријата приходи повисоки од 30 001 денари се базира само на 20 испитаници, од кои 16 известиле дека се соочиле со проблем кој отвора законско прашање.




*Графикон 7.* Застапеност на правните проблеми според висината на просечните месечни приходи

Секако, и покрај малиот број испитаници во оваа категорија, возможно е високата стапка да „држи." Ако ги разгледаме различните видови проблеми со кои се соочуваат граѓаните од овие две групи, преку најзачестените категории проблеми што ги пријавиле, гледаме дека кај граѓаните со најниски приходи најчести се проблемите со домувањето, додека кај граѓаните со највисоки приходи најзастапени се потрошувачките проблеми.

Наодот дека речиси сите социодемографски варијабли имаат статистички незначајна вредност за предвидување на подложноста на правни проблеми отстапува од наодите од националната студија[47], но не е изненадувачки ако се имаат предвид добиените дистрибуции за дел од релевантните социодемографски варијабли, кои упатуваат на тоа дека кај ромската популација има поголемо „натрупување" на левиот крај од скалите. На

од 5 001 до 20 000, споредено со референтната категорија граѓани чиишто приходи во домаќинството изнесуваат помалку од 5 000 денари -шансите да известат за правен проблем се речиси двојно (1/,526=1,90) помали кај домаќинствата со приходи меѓу 10 001 и 20 000 денари и за 1,48 (1/,673) пати помали кај лицата кои живеат во домаќинства со приходи меѓу 5 001 и 10 000 денари.

[47]Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

пример, ако се земе предвид дека еден од најдоследните предиктори на веројатноста да се извести за правен проблем, според истражувањето во општата популација, е степенот на образованието, со тоа што шансите да се наведе правниот проблем се речиси двојно поголеми кај оние со академско образование, имајќи ја предвид образовната структура на примерокот во ова истражување (во кое само 0,5% од испитаниците имаат високо образование), не изненадува фактот дека не се идентификувани значителни разлики детерминирани од степенот на образование.

Всушност, за поголемата стапка на известени проблеми кај испитаниците со високо образованите во теоријата се наметнуваат две претпоставки, кои не се меѓусебно исклучливи и кои можат да помогнат да се илустрира „посебноста“ на ромската популација. Првата е дека пообразованите се во попогодна позиција да ги препознаат проблемите кои можат да имаат правна димензија, па во контекст на ваквото согледување останува отворено прашањето колку од проблемите на граѓаните Роми останале непрепознаени и неевидентирани. Меѓутоа, ако се анализираат поткатегориите на најчесто известуваните проблеми во оваа студија, како на пример проблемите со домувањето, ќе се увиди дека станува збор за проблеми што ја загрозуваат егзистенцијата (на пример, исклучување на електричната енергија поради неплатени сметки), така што не се доведува во прашање нивната „видливост“ за да бидат препознаени.

Втората рационализација зошто најобразованите имаат споредбено повеќе правни проблеми е претпоставката дека образованието овозможува поголема интегрираност, а оттаму и повеќе социјални интеракции, кои пак произведуваат поголем потенцијал за проблематичните околности. Со оглед на социјалната исклученост на граѓаните Роми, нотирана во повеќе национални и интернационални извештаи, повторно останува неодговорено прашањето колку од нив биле „поштедени“ од суптилноста на проблемите нормирани со граѓанско право. Ако се земе предвид феноменот на неевидентираност во матична книга на родени, како најсериозна форма на социјална исклученост[48], се наметнува прашањето колкав е опсегот на правните проблеми што можат да се покренат доколку поединецот формално „не постои“ за системот.

## ПРОБЛЕМИ СО ДОМУВАЊЕТО И ИМОТОТ

*„Во 2015 направивме шупа за да живееме со сопругот и петте малолетни ќерки. Надлежните дознаа и со багер и полиција ја срушија. “*

*26-годишна жена*

---

[48] Во акција на Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Управата за водење на матичните книги на евиденција, во 2011 година се идентификувани 441 лице како лица кои не се запишани во матична книга на родени и, оттаму, немаат документи за лична идентификација. Соопштението е достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/akcija-za-evidencija-na-lica-vo-maticna-kniga-na-rodenite.nspx

*„Поднесено ни е барање за легализирање на диворадба од 2014 година и сè уште немаме никаков одговор.“*
*57-годишна жена*

*„Од 2014 немам струја поради неплатен долг. Долгот изнесува 15 000 евра и немам како да го платам.“*
*25-годишна жена*

Проблемите со домувањето се најчести и речиси четири од десет испитаници се изјасниле дека имаат барем еден проблем поврзан со домувањето или поседувањето имот. Иако и кај општото население проблемите со домувањето се најчести, сепак вреди да се издвои дека кај Ромите овој проблем е многу почест: 38,4% споредено со 26,4% општо во Македонија.




*Графикон 8.* Зачестеност на наведените проблеми со домувањето (база: 1.011)

Најчести поткатегории се проблемите поврзани со подолг прекин на водоснабдување, електрична енергија, греење, интернет или телефон, односно секој петти испитаник (25,8%) навел дека се соочил со ваков проблем. За споредба, во општата популација само 6,8% од граѓаните навеле ваков проблем. Иако прашањето не бараше конкретно да се наведат услугите за кои е претрпен подолг прекин, од описите на разгледуваните проблеми може да се заклучи дека во најголем дел од случаите станува збор за исклучување на електричната енергија поради неплатени сметки.

Втора најзастапена поткатегорија кај проблемите со домувањето се проблемите со легализацијата на имотот и, според одговорите на испитаниците, 12,1% од граѓаните Роми потврдиле дека се соочиле со ваков проблем во последните три години. Стапката на таквите

проблеми е значително помала, т.е. трипати помала, во општата популација[49] и изнесува 3,9%.

Од оние кои пријавиле проблем со легализацијата, дури 79,6% се изјасниле дека не поседуваат имотен лист, што упатува на тоа дека за мнозинството Роми кои имаат проблем со легализацијата, овие проблеми се долгорочни и дека е мала веројатноста тие да бидат решени. Ова дополнително се потврдува со одговорите на прашањето за сопственоста - иако 82,3% од испитаниците рекле дека некој од нивното семејство е сопственик на куќата или на станот во кој живеат, 22,4% од нив не поседуваат имотен лист за станбениот објект или за земјиштето. Во Општина Шуто Оризари оваа бројка расте до 39,2% , а во Општина Куманово дури до 48,3%.

Трети по зачестеност се проблемите со разрушено или импровизирано живеалиште, за кои известиле 3,6% од граѓаните, додека 2,5% се соочиле со проблеми поврзани со пожари или со поплави. Конечно, дури 2% од испитаниците пријавиле дека имаат проблем со бездомништвото, што е значително повеќе споредено со општото население, каде што овој процент изнесува 0,3%.

Кога станува збор за тоа колку проблеми со домувањето имале, мнозинството (74,7%) од испитаниците кои имале ваков проблем навеле дека во последните три години се соочиле само со еден проблем од оваа категорија. Речиси секој петти испитаник (18,6%) одговорил дека имал два проблема поврзани со домувањето или поседувањето имот, а значително поретки се оние кои се соочиле со по три (4,9%) или со четири (1,5%) проблеми со домувањето или поседувањето имот. Просечниот број проблеми со домувањето, меѓу оние кои навеле барем еден проблем во оваа категорија, изнесува 1,34.

Веројатноста дека имаат проблем со домувањето/поседувањето имот е поврзана со степенот на образованието, статусот на пазарот на трудот и со возраста. Речиси половина од економски неактивните граѓани (47,1%) имале проблем со домувањето, споредено со помалку од секој четврти (23,3%) од вработените со договор. Во однос на степенот на образованието, најранливи на проблеми со домувањето се лицата без завршено образование, од кои речиси половина (46,5%) пријавиле проблем со домувањето, споредено со една четвртина (24,8%) од лицата со средно образование.

Што се однесува до возраста, изненадува наодот дека на проблеми со домувањето се најподложни граѓаните постари од 70 години, односно дури 63% од нив пријавиле ваков проблем (иако процентот треба да се толкува со извесна воздржаност, бидејќи во примерокот учествувале само 27 граѓани од оваа возрасна група ). Проблемите со домувањето се позачестени кај граѓаните на возраст од 40 до 49 години, од кои 44,2% известиле за ваков проблем.

[49] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

## РЕАКЦИИ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО ДОМУВАЊЕТО

Начините на кои Ромите ги решаваат своите проблеми со домувањето значително се разликуваат од оние на просечниот граѓанин. Дури половина од граѓаните Роми не презеле никакви чекори за да си го решат проблемот, споредено со само една петтина од македонските граѓани воопшто. Од оние кои направиле нешто, една третина (33,9%) во обид да го решат проблемот директно ја контактираат другата страна. Од другите, 14,8% се потпреле на помош или поддршка од роднина или пријател, додека нешто помалку (13,5%) побарале совет или помош од друга организација. Правна помош од адвокат побарале само 3,5%, додека само 1,7% од проблемите со домувањето завршиле на суд.




*Графикон 9.* Преземени активности за решавање на проблемите со домувањето (база: 230)

Од оние кои не направиле ништо за својот проблем поврзан со домувањето, најголем дел (37,3%) одговориле дека немаат финансиски средства за да преземат нешто. Речиси исто толку (36,4%) немаат одговор на прашањето зошто не направиле ништо. Секој петти (20%) не знае(л) каде треба да се обрати, додека кај 14,6% причина за пасивноста е самиот правосуден систем (7,3% изразиле недоверба, а исто толку сметаат дека за на суд се потребни многу време и пари).

| | f | % од неактивните |
|---|---|---|
| Немав пари | 41 | 37,3% |
| Нема одговор | 40 | 36,4% |
| Не знаев каде да се обратам | 22 | 20,0% |
| Не верувам во нашите судови | 8 | 7,3% |
| Треба многу време и пари за на суд | 8 | 7,3% |
| Проблемот беше незначаен | 8 | 7,3% |
| Очекував проблемот самиот да се реши | 7 | 6,4% |

| | | |
|---|---|---|
| Премногу доцна сфатив што ризикувам/дека ова е проблем | 6 | 5,5% |
| Тоа ќе ми одземеше премногу време | 3 | 2,7% |
| Другата страна немаше пари | 2 | 1,8% |
| Не можев поради работните обврски | 1 | ,9% |
| а. категорија на проблем = проблеми со домувањето/имотот, Стратегија за решавање на проблемот = пасивна стратегија | | |

Табела 7. Причини за нерешавање на проблемот (проблеми со домувањето или со поседувањето имот)

ПРОБЛЕМ СО ЗАКУПУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ ИМОТ

Само 6,3% од испитаниците во некој период во последниве три години живееле под кирија, но дури 57,8% од нив имале некаков проблем со закупувањето на имотот. Речиси половина од оние кои имале проблеми со закупувањето на имотот, пријавиле лоши, небезбедни или несоодветни услови за живот, додека секој четврти од оние кои имале проблем со живеењето под кирија навеле дека доцнеле со плаќањето.

| | F | % на квалификуваната група | % од примерокот |
|---|---|---|---|
| **Закупување имот** | | | |
| Лоши или небезбедни услови во изнајмениот стан/куќа | 29 | 45,30% | 2,90% |
| Доцнење со исплата на кирија | 16 | 25,00% | 1,60% |
| Проблем со цимери | 0 | 0,00% | 0,00% |
| Газдите своеволно ја менувале висината на киријата | 7 | 10,90% | 0,70% |
| Газдите не сакале да потпишат писмен договор | 2 | 3,10% | 0,20% |
| Газдите не сакале да го вратат депозитот | 0 | 0,00% | 0,00% |
| Закани за или исфрлување пред истекот на договорот | 9 | 14,10% | 0,90% |
| **Издавање имот** | | | |
| Кираџиите доцнеле со плаќање сметки | 1 | 33,30% | 0,10% |
| Проблем со агенциите за недвижности | 1 | 33,30% | 0,10% |

Табела 8. *Проблеми со издавање или закупување имот*

Кога станува збор за бројот на проблемите поврзани со закупувањето на имотот, нешто повеќе од половина (54,1%) од испитаниците имале само еден проблем од оваа категорија, а нешто помалку од третина (32,4%) се соочиле со 2 проблема. Просечниот број проблеми меѓу оние кои навеле барем еден проблем во оваа категорија изнесува 1,70.

Иако во нашиот примерок се јавуваат 37 проблеми со закупувањето на имотот, ниту еден од нив не бил претпоследен и не е разгледувано како Ромите ги решаваат овие проблеми.

Што се однесува до проблемите со издавањето на имотот, само тројца испитаници од примерокот изјавиле дека издаваат имот под кирија, а само еден од нив пријавил два проблема поврзани со доцнењето со наплатата на сметките и проблеми со агенциите за недвижен имот.

## ПРОБЛЕМ СО ПАРИ И ДОЛГОВИ

*Мислев дека потпишувам договор за социјална помош, но без да знам потпишав да бидам жирант. Банката ми ја блокираше сметката и бараа да платам колку што должам.*

*48-годишна жена*

*Немав пари редовно да ги плаќам сметките за струја и ми ја исклучија. Потоа ми дојде писмо од извршител за да платам се наеднаш, ама со едно социјално не можев.*

*65-годишна жена*

Втор најчест вид проблеми со кои се соочуваат граѓаните се оние поврзани со пари или со долгови, кои ги имал секој четврти (26,9%) испитаник. Слично како и кај просечниот македонски граѓанин,[50] и овде наидуваме на понизок процент од очекуваниот, имајќи предвид колкав дел од ромското население живее под линијата на сиромаштија. Оттаму, би се очекувало дека голем процент од ромското население се соочуваа со најмалку еден проблем поврзан со пари и со долгови. Од друга страна, она што исто така треба да се земе предвид е дека како најмаргинализирана етничка група во државата, екстремната или апсолутна сиромаштија опфаќа поголем дел од населението споредено со општата популација, што значи дека е поголем бројот на граѓани кои воопшто немаат пристап до

[50] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

услуги поврзани со пари за да можат да имаат некаков проблем што би можел да има правна разврска.




*Графикон 10.* Зачестеност на наведените проблеми со пари (база: 1.011)

Од проблемите поврзани со пари и со долгови, најчести се проблемите со наплата на долг постар од една година (12,1%), наплата со извршител (9,6%) и добивање грешни или спорни сметки (7,1%).

Иако 60,3% од граѓаните кои навеле проблем со пари или со долгови се соочиле со еден проблем, речиси секој четврти (24,6%) навел по два проблема, а 11,8% навеле и по 3 проблеми поврзани со пари или со долгови. Просечниот број проблеми меѓу оние кои навеле барем еден во оваа категорија изнесува 1,61.

Социодемографските споредби упатуваат на тоа дека не постојат изразени разлики во однос на ранливоста на проблеми поврзани со пари или со долгови.

## РЕАКЦИИ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО ПАРИ ИЛИ СО ДОЛГОВИ

Од проблемите со пари или со долгови, кои ги разгледувавме во вториот дел од прашалникот, во 65,1% од случаите испитаниците направиле нешто за да го решат проблемот. Со оглед на природата на проблемите од оваа категорија, најчеста стратегија за

решавање на проблемот е контактирање на другата страна, што е случај кај речиси половина од испитаниците, додека дополнителни 15,4% ѝ исплатиле пари на другата страна. Секој десетти се консултирал со роднина или со пријател, нешто помалку побарале помош или совет од организација, а 3,4% совет од адвокат. На суд завршиле само 2% од разгледуваните проблеми со пари и со долгови.




*Графикон 11.* Преземени активности за решавање на проблемите со пари или со долгови (база: 149)

Слично како и кај проблемите со домувањето, нашите испитаници најчесто или не можат да си дозволат да преземат нешто или не се информирани кои се можните начини за решавање на проблемот. Очекувано, најчеста причина зошто не се преземени чекори да се реши проблемот од оваа категорија е немањето пари, што е случај со дури 59,6% од испитаниците кои изјавиле дека не направиле ништо за да го решат проблемот. Секој четврти не знаел каде да се обрати, а 13,5% немаат одговор на прашањето зошто не направиле ништо.

| | f | % од неактивните |
|---|---|---|
| Немав пари | 31 | 59,6% |
| Не знаев каде да се обратам | 13 | 25,0% |
| Не верувам во нашите судови | 7 | 13,5% |
| Нема одговор | 7 | 13,5% |
| Треба многу време и пари за на суд | 6 | 11,5% |
| Проблемот беше незначаен | 6 | 11,5% |
| Очекував проблемот самиот да се реши | 5 | 9,6% |
| Не можев поради работни обврски | 2 | 3,8% |
| Премногу доцна сфатив што ризикувам/дека ова е проблем | 1 | 1,9% |

| |
|---|
| а. категорија на проблем = проблеми со пари/долгови, Стратегија на решавање на проблемот = пасивна стратегија |

Табела 9. Причини за нерешавање на проблемот (проблеми со пари или со долгови)

## ПРОБЛЕМИ СО ДРЖАВНА ПОМОШ

*Роднини од странство ми пуштија пари за струја и затоа ми го сопреа социјалното.*

*62-годишен маж*

*Бидејќи не сум венчана со маж ми, имав проблем со пуштањето барање за трето дете, ми бараа постојано живеалиште.*

*35-годишна жена*

*Ми го прекинаа социјалното зошто доцнев еден ден за пријавување во Бирото, а детето ми беше во болница и не можев да одам.*

*36-годишна жена*

*Две години не можев да земам социјална парична помош. Ме одбиваа затоа што собирам пластични шишиња.*

*45-годишен маж*

Речиси половина (48,5%) од испитаниците побарале или примале некој вид државна помош во последните три години, а 35,3% побарале или примаат социјална парична помош.




*Графикон 12.* Процент граѓани кои побарале или користеле некој вид државна помош во последните три години

Во обидот да го остварат правото на некој вид државна помош, 15,1% од целиот примерок или 29,8% од оние кои побарале или примаат државна помош се соочиле со проблем. Ако ги разгледаме различните видови проблеми во оваа категорија, најчесто наведуван проблем е одбиеното барање, иако се исполнети сите услови (6,5% од целиот примерок и 12,9% од

квалификуваната група, т.е. од оние кои имаат искуство со примање или барање некаков вид државна помош), по што следува неправично укинување на правото (4,4% од сите испитаници или 8,6% од квалификуваната група).




*Графикон 13.* Проблеми со пристапот до државна помош

Мнозинството граѓани (72,5%) кои имаат проблем со некој вид државна помош навеле само еден проблем од оваа категорија, 16,3% навеле два проблема, додека 4,6% се соочиле со три проблеми поврзани со државната помош. Просечниот број проблеми меѓу оние кои навеле барем еден проблем во оваа категорија изнесува 1,49.

Социодемографската анализа на податоците откри разлики само врз основа на возраста и статусот на пазарот на трудот. Според возраста, со проблеми од оваа категорија најретко се соочуваат најмладите испитаници, на возраст од 18 до 29 години (19,8%), додека проблемите кулминираат кај возрасните групи од 50 до 59 години и од 60 до 69 години, каде што речиси половина од испитаниците (43,3% и 46,7%, соодветно) се соочиле со некаков проблем при остварувањето на своето право на државни трансфери. Во однос на статусот на пазарот на трудот, веројатноста да пријават проблем со државната помош е најголема кај економски неактивните граѓани, од кои 36,1% известиле за ваков проблем, споредено со 10% од пензионерите.

РЕАКЦИИ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО ДРЖАВНАТА ПОМОШ

Дури 56% од граѓаните кои се соочиле со проблем во врска со државната помош не направиле ништо во врска со тоа. Од оние кои презеле некаков чекор, реакциите се

сведуваат на консултации со некоја организација (21,3%) или обид за договор со другата страна (20%).




*Графикон 14.* Преземени активности за решавање на проблемите со државната помош (база: 75)

Од оние испитаници кои не направиле ништо за да си го решат проблемот, околу една третина (31%) рекле дека не знаеле каде да се обратат во врска со својот проблем, па затоа не презеле ништо. Речиси секој четврти испитаник (23,8%) нема одговор на ова прашање, секој петти (19%) очекувал проблемот да се реши сам, а за исто толку испитаници (19%) причината е немањето пари.

| | f | **% од неактивните** |
|---|---|---|
| Не знаев каде да се обратам | 13 | 31,0% |
| Нема одговор | 10 | 23,8% |
| Немав пари | 8 | 19,0% |
| Очекував проблемот самиот да се реши | 8 | 19,0% |
| Треба многу време и пари за на суд | 6 | 14,3% |
| Тоа ќе ми одземеше премногу време | 4 | 9,5% |
| Не верувам во нашите судови | 4 | 9,5% |
| Не можев заради работни обврски | 3 | 7,1% |
| Премногу доцна сфатив што ризикувам/дека ова е проблем | 3 | 7,1% |
| Проблемот беше незначаен | 1 | 2,4% |
| a. категорија на проблем = проблеми со државна помош, Стратегија на решавање на проблемот = пасивна стратегија | | |

Табела 10. Причини за нерешавање на проблемот (проблеми со државната помош)

**ПРОБЛЕМ СО РАБОТА ИЛИ ВРАБОТУВАЊЕ**

*„Контролорот на работа секогаш ми вели дека ќе ме избрка, вели Циганче со тебе ќе ја средиме, ќе те избркаме...“*

*36-годишен маж*

*„20-тина години работам сезонски, но немам ништо стаж“*

*46-годишна жена*

Овие прашања им беа поставувани само на оние испитаници кои во последните три години имале некакво искуство на пазарот на трудот, т.е. биле вработени или барале работа, што беше случај со 62% од вкупниот примерок. Речиси една третина или 31,7% биле вработени (со или без договор), а 44,4% од оние кои не биле вработени рекле дека барале работа. Од квалификуваната група, речиси една четвртина (23,8%) имале најмалку еден проблем со работата или вработувањето, што претставува 14,7% од севкупниот примерок.




*Графикон 15. Проблеми со работа или вработување*

Доколку ги погледнеме поткатегориите на проблемите, најзачестен е проблемот со работење во „сивата економија“: 5,8% од примерокот, т.е. 13,8% од оние кои работеле во

изминатите три години, работеле непријавени, без договор и без здравствено и социјално осигурување. Меѓутоа, откако подетално ги анализиравме одговорите на сите прашања во прашалникот, увидовме дека всушност процентот е поголем, бидејќи дел од испитаниците кои имале ваков проблем не го пријавиле.

Имено, во прашалникот имаше две прашања од кои може да се добие информација дали испитаниците работеле без договор. Едно од прашањата беше во делот каде што се разгледуваат проблемите поврзани со работата или вработувањето, а другото прашање беше во социодемографскиот дел, каде што испитаниците даваа податоци за својот статус на пазарот на трудот. Споредбата на одговорите на овие две прашања открива недоследност, бидејќи процентот на оние кои пријавиле дека во последните три години работеле непријавени (5,8%), т.е. го идентификувале ова како проблем поврзан со работата, е помал од бројот на оние кои во моментот кога се спроведувал прашалникот работеле непријавени (9,1%). Доколку на испитаниците кои како проблем пријавиле дека работат без договор, се додадат и оние кои во делот на социодемографските прашања одговориле дека работат без договор, но не пријавиле таков проблем, процентот на оние кои имале проблем со работењето без социјално и здравствено осигурување се зголемува на 13,1% од вкупниот примерок, што претставува дури 38,5% од оние кои работеле во последните три години. Заклучно, иако 13,1% од примерокот работеле непријавени и неосигурани, само 5,8% го пријавиле тоа како проблем.

Зголемувањето на процентот на оние кои имале проблем со „работа на црно“ (како поткатегорија), го зголемува и вкупниот процент испитаници кои имале барем еден проблем поврзан со работата или вработувањето - од 14,7% на 20,7% од примерокот, што е повеќе од двојно поголем процент, споредено со општата популација[51] (каде што 8,7% од примерокот пријавиле барем еден проблем од оваа категорија). Доколку бројот на испитаници Роми кои имале проблем со работа или вработување се претстави како процент од оние кои работеле или барале работа во последните три години, ќе се види дека проблем имал секој трет (33,1%).

Ако повторно се навратиме на поткатегориите проблеми со работата или вработувањето, може да се види дека втор по застапеност е проблемот поврзан со дискриминацијата врз основа на етничката припадност, затоа што 8,6% од оние кои работеле или барале работа (или 5,3% од вкупниот примерок) рекле дека се соочиле со неправеден третман при вработувањето само затоа што се Роми. Дискриминацијата при вработувањето, како проблем, е двојно почеста кај испитаниците во општата популација (18,3% кај општата популација наспроти 8,6% кај Ромите) и во контекст на ова истражување ја отвора дилемата дали испитаниците Роми не ја препознаваат[52] дискриминацијата или е толку „сеприсутна“ што не ја издвојуваат како проблематично искуство. Втората претпоставка е особено релевантна ако се има предвид дека за да се нотира проблемот во прашалникот,

---

[51] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

[52] Во однос на првата претпоставка, иако примерокот на оние кои барале работа и пријавиле проблем со дискриминација е мал, за да може да се заклучува интересно е да се напомене дека дискриминацијата е почесто пријавувана од помаргинализираните група, на пример 13,4% од испитаниците со помали приходи од 5 000 денари наспроти 0% од испитаниците со приходи поголеми од 20 000 денари.

испитаниците требаше да се сетат кога точно се случил, што е особено тешко ако она што треба да се издвои како настан е вообичаеност.

Во однос на другите проблеми, 11,3% од оние кои работеле (или 4,3% од вкупниот примерок) работеле во лоши или небезбедни услови, а речиси исто толку не биле платени за нивната прекувремена работа (4,1% од целиот примерок или 10,6% од квалификуваната група).

Половина (51%) од оние кои имале проблем со вработувањето пријавиле само еден проблем, повеќе од четвртина (26,8%) известиле дека се соочиле со два проблема со работа или со вработување, а 11,4% пријавиле дури три проблеми. Просекот на пријавени проблеми со вработување е 1,90.

## РЕАКЦИИ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО РАБОТА ИЛИ ВРАБОТУВАЊЕ

Нешто повеќе од една третина (34%) од граѓаните, чиј проблем со работа или вработување бил разгледуван, направиле барем нешто за решавање на својот проблем: 22,6% ја контактирале другата страна во обид да се договорат, 11,3% побарале поддршка од роднина или пријател, а 9,4% се потпреле на совет или помош од некоја организација. Според добиените одговори, ниту еден од разгледуваните проблеми со работа или вработување не завршил на суд.




*Графикон 16.* Реакции на проблемите со работа или вработување (база 53)

Ако ги погледнеме причините зошто не се преземени чекори за решавање на проблемот, повеќе од една третина од овие испитаници (34,3%) не направиле ништо затоа што не знаеле каде да се обратат, додека 28,6% немаат одговор на прашањето зошто не презеле ништо.

Секој петти (20%) очекувал дека проблемот ќе се реши сам, а 14,3% се одвратени од акција поради ресурсите потребни за покренување судска постапка.

| | f | % од неактивните |
|---|---|---|
| Не знаев каде да се обратам | 12 | 34,3% |
| Нема одговор | 10 | 28,6% |
| Очекував проблемот да се реши самиот | 7 | 20,0% |
| Треба многу време и пари за на суд | 5 | 14,3% |
| Немав пари | 3 | 8,6% |
| Тоа ќе ми одземеше премногу време | 3 | 8,6% |
| Другата страна немаше пари | 3 | 8,6% |
| Не верувам во нашите судови | 3 | 8,6% |
| Проблемот беше незначаен | 3 | 8,6% |
| Премногу доцна сфатив што ризикувам/дека ова е проблем | 2 | 5,7% |
| а. категорија на проблем = проблеми со работа/ вработување, Стратегија за решавање на проблемот = пасивна стратегија | | |

Табела 11. Причини за нерашавање на проблемот

## ПОТРОШУВАЧКИ ПРОБЛЕМИ

*Купив дрва на црно и подоцна бев повикан на суд.*

*58-годишен маж.*

Околу 15% од испитаниците се соочиле со најмалку еден од наведените потрошувачки проблеми. Најчести се проблемите со неисправни производи (пр. компјутер, машина за перење, телефон, храна и сл.), со кои се соочиле 8,9% од граѓаните, и проблемите со платени, но незавршени услуги (пр. од водоинсталатери, електричари, градежници), кои ги имале 5% од граѓаните.




*Графикон 17.* Зачестеност на потрошувачки проблеми (база: 1.011)

Мнозинството кои имаат потрошувачки проблем навеле само еден проблем од оваа категорија (83,3%), додека 16% известиле дека се соочиле со два проблема. Просечниот број проблеми меѓу оние кои навеле барем еден проблем во оваа категорија изнесува 1,17.

Социодемографската анализа на прашањата од оваа категорија откри разлики според родот, степенот на образование и висината на приходите. Потрошувачките проблеми се почести кај жените (17,4%) отколку кај мажите (11,3%) и кај пообразованите (14,3% од оние со средно) наспроти оние без основно образование (10,5%), иако овде разликата е мала.

Разликите се најголеми според висината на приходите. Иако учеството на оние со приходи во домаќинството поголеми од 30 000 денари е мал (20 испитаници), интересно е да се напомене дека половина или 50% од нив пријавиле потрошувачки проблем, споредено со 11% од оние со приходи меѓу 5 001 и 10 000 денари. Ако се разгледуваат поткатегориите на проблемите, споредено со целиот примерок (каде што доминантни потрошувачки проблеми се проблемите со неисправните производи), кај категоријата граѓани со највисоки приходи најзачестени се проблемите со платени, но незавршени услуги.

## РЕАКЦИИ ВО ВРСКА СО ПОТРОШУВАЧКИТЕ ПРОБЛЕМИ




*Графикон 18.* Преземени активности за решавање на потрошувачките проблеми (база: 35)

Повеќе од половина или 54,3% од оние чиј потрошувачки проблем е разгледуван направиле нешто во врска со својот проблем. Доминантна стратегија е обидот за спогодување со другата страна, односно 37,1% на овој начин се справиле со проблемот.

| | f | % од неактивните |
|---|---|---|
| Не знаев каде да се обратам | 6 | 37,5% |
| Тоа ќе ми одземеше премногу време | 4 | 25,0% |
| Не верувам во нашите судови | 3 | 18,8% |
| Проблемот беше незначаен | 3 | 18,8% |
| Очекував проблемот самиот да се реши | 3 | 18,8% |
| Нема одговор | 3 | 18,8% |
| Немав пари | 2 | 12,5% |
| Треба многу време и пари за на суд | 2 | 12,5% |
| Не можев поради работни обврски | 1 | 6,3% |
| Другата страна немаше пари | 1 | 6,3% |
| а. категорија на проблем = Потрошувачки проблеми, Стратегија на решавање на проблемот = пасивна стратегија | | |

*Табела 11.* Причини за нерешавање на проблемот (потрошувачки проблеми)

Од друга страна, 45,7% од испитаниците не направиле ништо за да го решат проблемот. Од нив, 37,5% не направиле ништо затоа што не знаеле каде да се обратат, а 25% сметале дека обидот да го решат проблемот би им одзел премногу време. Речиси секој петти (18,8%) нема одговор за својата пасивност, а исто толку очекувале проблемот сам да се реши (18,8%). Ист процент испитаници одговориле дека не веруваат во судовите (18,8%) или сметаат дека

проблемот бил незначаен. Иако најголем дел не постапиле поради неинформираност, од другите највисоко рангирани причини, според зачестеноста на одговорите, може да се заклучи дека потрошувачките проблеми за граѓаните кои се соочуваат со нив се потривијални.

## ПРОБЛЕМ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ

*Имам слушнато дека прегледите кај матичен гинеколог се бесплатни. Бев на ехо-преглед и ми побараа 250 денари за прегледот. Платив, но не добив фискална сметка.*

*32-годишна жена*

*Бев многу болен, имав труење. Брза помош не дојде да ме однесе во болница, а кога сам отидов во болница со такси, докторите не сакаа да ме прегледаат и ми рекоа дека не ми е ништо.*

*29-годишен маж.*

*Брза помош не стигна навреме.*

*22-годишна жена.*

Споредено со општата популација, Ромите имаат пократок животен век[53], а стапката на доенечката смртност во одредени години е речиси двојно[54] поголема од националниот просек. Лошиот здравствен статус на Ромите, кој се одликува со зголемена зачестеност на хронични и акутни заболувања, споредено со општата популација, се должи на слабата социо-економска состојба и на отежнатиот пристап до здравствените услуги и до здравствената заштита[55].

Во фокус-групата што му претходеше на ова истражување една од идентификуваните пречки беше фактот што значително малцинство Роми немаат здравствено осигурување. Иако според постојниот здравствен систем на РМ, задолжителното здравствено осигурување е право и обврска на сите, според наодите од ова истражување 2,7% од интервјуираните Роми рекле дека немаат здравствено осигурување, а 37% од нив воопшто не се ни обиделе да се осигураат. Постојната евиденција упатува на тоа дека овој процент

---

[53] Министерство за труд и социјална политика (2009). Ревизија на националните акциски планови од Декадата за вклучување на Ромите 2005 – 2015 во Република Македонија за период 2009-2011. Достапно на: http://www.mbr-ds.gov.mk/sites/default/files/documents/RevisedNAPsRomaDecade2005-2015-period2009-2011MK.pdf

[54] На пример, во 2013 година, стапката на доенечка смртност кај општата популација изнесува 9,73 умрени доенчиња на 1 000 живородени, додека кај ромското население е 17,37 умрени на 1 000 живородени. Извор: Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ (2016). *Во период кога се бележи драстичен пораст на доенечката смртност кај Ромите, Владата на РМ и Министерството за здравство ги кратат активностите и средствата наменети за унапредување на здравјето на мајките.* Достапно на: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2017/ESE%20Analiza%20Zdravje%20majki%20i%20deca.pdf

[55] ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје. (2017). Извештај за работата на ромските здравствени медијатори во Република Македонија во 2016 година. Достапно на: http://iph.mk/wp-content/uploads/2014/09/Izvestaj-za-rabotata-na-romskite-zdr-medijatori-2016.pdf

може да биде и повисок, а проценката дополнително се комплицира бидејќи дел од ромските семејства често не знаат дека здравственото осигурување им е прекинато[56]. Во истражувањето на УНИЦЕФ[57], кое ги оценува бариерите за пристап на ромските семејства до здравствено осигурување, во 5% од домаќинствата ниту еден член немал здравствено осигурување, а како најчеста причина за тоа се наведува немањето документи за лична идентификација.

Според наодите од ова истражување, процентот на правни проблеми поврзани со пристапот до здравствените услуги кај Ромите е двојно поголем отколку кај општата популација (12,8% кај Ромите споредно со 6% кај општата популација[58]). Имајќи предвид дека 62,8% од испитаниците живеат во домаќинства со вкупни месечни приходи помали од 10 000 денари, поразително е да се забележи дека најчести проблеми со кои се соочуваат Ромите се оние поврзани со наплатата на здравствените услуги кои не треба да се наплаќаат (4,3%), неиздавањето фискална сметка за наплатените здравствени услуги (3,9%) и поскапото наплаќање на здравствените услуги или лекарства (3,4%). Останува отворено прашањето колку прекршувања поминале „незабележани“ бидејќи, очекувано, проблемите со незаконските наплати можеле да ги пријават само испитаниците кои можеле да ги препознаат, т.е., само оние кои се свесни за своите права како пациенти.

[56] Здравственото осигурување може да им се прекине на невработените лица кои нередовно се пријавуваат во Агенцијата за вработување (http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/analiza-romite-zdrastveno-osiguruvanje.pdf).

[57] Проценка на бариерите за пристап на ромските семејства до здравствено осигурување (2016). УНИЦЕФ. Достапно на: https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/Analysis_of_barriers_to_health_insurance_MK.pdf

[58] Треба да се нагласи дека во студијата на Коруновска, Србијанко и соработниците (2013) во оваа категорија беа вклучени и повредите поврзани со сообраќајните повреди и незгоди на јавно или на работно место, кои во ова истражување беа разгледувани како посебна категорија. За поголема споредливост, доколку на проблемската категорија поврзана со пристапот до здравствените услуги се додадат и проблемите поврзани со сообраќајните несреќи и повредите на јавно или на работно место, процентот на испитаници со барем еден проблем се зголемува на 15,1%. Бидејќи ова не беше третирано како правен проблем, доколку на овие испитаници се додадат и оние кои немаат здравствено осигурување, но не пријавиле друг проблем поврзан со пристапот до здравствените услуги, застапеноста на испитаниците со барем еден проблем од оваа категорија расте на 17,1%, што е речиси тројно поголема застапеност споредено со општата популација.




*Графикон 19.* Зачестеност на проблемите со здравствените услуги (база 1.011)

Повеќе од половина (55,8%) од граѓаните кои имале проблем со добивањето здравствени услуги навеле само еден од оваа категорија проблеми, една петтина (20,2%) се соочиле со два проблема од оваа категорија, додека три проблеми навеле 12,4% од граѓаните. Просечниот број проблеми меѓу оние кои навеле барем еден проблем во оваа категорија изнесува 1,91.

Социо-демографската анализа на одговорите открива дека не постојат големи разлики меѓу различните групи. Според возраста, најподложни се граѓаните од возрасната група од 60 до 69 години, од кои една петтина (20,2%) пријавиле барем еден проблем од оваа категорија, споредено со 8% од оние на возраст од 40 до 49 години.

Според статусот на пазарот на трудот, најзастапени се здравствените проблеми кај пензионерите (20%), додека помалку застапени се кај оние кои се невработени, но бараат работа (10,2%) и кај вработените со договор (11,6%).

Иако кога се разгледуваат истовремено сите демографски варијабли поврзаноста исчезнува, значајна е биваријантната поврзаност на полот со подложноста на здравствени проблеми (15,5% од жените споредено со 10,2% од мажите пријавиле здравствен проблем). Разгледувани според поткатегориите проблеми, кај жените се позачестени проблемите со повреда за време на лекување или медицинска нега, наплата на здравствена услуга што не

треба да се плаќа или поскапа наплата на здравствена услуга/лек, неиздавање фискална сметка и повреда за време на лекување.

Според описите на проблемите, големата зачестеност на проблемите со наплатата на услугите што не треба да се плаќаат се должи на практиката да се наплаќаат прегледите кај матичен гинеколог. Испитаничките кои го пријавиле како проблем очигледно се свесни за сопствените права, но неизбежно го плаќаат прегледот.

## РЕАКЦИИ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ

Повеќе од две третини, или 68,5% од испитаниците не презеле ништо за да го решат проблемот, а кај 31,5% кои направиле барем нешто, доминантни акции се потпирање на помошта од друга организација (13%) и обид за договарање со другата страна (13%), додека пак 9,3% ѝ исплатиле пари на другата страна.




*Графикон 20.* Преземени активности за решавање на потрошувачките проблеми (база: 54)

| | f | % од неактивните |
|---|---|---|
| Не знаев каде да се обратам | 19 | 51,4% |
| Не верувам во нашите судови | 10 | 27,0% |
| Тоа ќе ми одземеше премногу време | 8 | 21,6% |
| Очекував проблемот самиот да се реши | 7 | 18,9% |
| Немав пари | 5 | 13,5% |
| Треба многу време и пари за на суд | 5 | 13,5% |
| Премногу доцна сфатив што ризикувам/дека ова е проблем | 5 | 13,5% |
| Проблемот беше незначаен | 2 | 5,4% |
| Нема одговор | 2 | 5,4% |
| a. категорија на проблем = проблеми со здравствените услуги, Стратегија на решавање на проблемот = пасивна стратегија | | |

*Табела 12.* Причини за нерешавање на проблемот (проблеми со здравствените услуги)

Повторно, доминантна причина за неактивноста е неинформираноста на граѓаните за тоа кои се релевантните инстанци (51,4%). Дополнително, 27% не направиле ништо затоа што не веруваат во нашите судови, додека секој петти (21,6%) е уверен дека решавањето би одзело многу време. Петтина (18,9%) очекувале дека проблемот сам ќе се реши.

## ДИСКРИМИНАЦИЈА СПОРЕД ЕТНИЧКА ОСНОВА

*„Летово, јас и неколкумина мои другари отидовме на базен во Битола, но бевме вратени. Кога прашавме која е причината што не нѐ пуштаат, од обезбедувањето ни рекоа дека од газдата имаат наредба да не пуштаат Роми.“*

*21-годишен маж*

*„Се јавив во Брза помош за внук ми, ја кажав адресата, ми рекоа дека ќе дојдат, но ме излажаа.“*

*61-годишна жена*

*„ На граница не ме пуштаа да излезам и не ми кажаа зошто.“*

*58-годишна жена*

Само 8,6% од граѓаните известиле дека се соочиле со некои од наведените ситуации кои имплицираат дека биле дискриминирани врз основа на етничката припадност. Имајќи предвид дека ваквата застапеност на овој тип проблеми е пониска од очекуваната, во обидот да се интерпретира истата треба да се земат предвид и ограничувањата што произлегуваат од форматот во кој беа поставувани прашањата во врска со искуството со проблематичните околности. Прво, референтниот период за кој се известува е 3 години, а второ за да се забележи проблемот, испитаникот треба да го наведе месецот кога се случил проблемот и накратко да го опише. Освен можноста за непрепознавање на случаите на дискриминација како такви, барањето за временски прецизна идентификација на овие проблеми веројатно придонело за селективност во пријавувањето. Дополнително, иако селекцијата на ситуациите на дискриминација беше направена врз основа на наодите од достапните извештаи и од фокус-групата со претставници на граѓанските организации чиишто примарни корисници се граѓаните Роми, не ја исклучуваме можноста дека причина за нискиот процент проблеми од овој тип може да биде и тоа дека, на пример, ситуациите дадени во прашалникот не се доволно репрезентативни за да ги опфатат секојдневните искуства на граѓаните.




*Графикон 21*. Зачестеност на проблемите со дискриминација врз етничка основа (база 1.011)

Од проблемите со дискриминација најчести се проблемите поврзани со ограничувањето на правото за слободно движење. 3,3%[59] од испитаниците изјавиле дека ги вратиле или малтретирале на граница само затоа што се Роми (што е третирано како посебна категорија во прашалникот). Втори по зачестеност проблеми со дискриминација се проблемите со занемарен повик до полиција, пожарна или до итна помош, за кои известиле 2,4% од граѓаните.

Од граѓаните кои навеле проблем со дискриминација по етничка основа, 55,8% навеле само еден проблем од оваа категорија проблеми, додека 14,9% потврдиле дека се соочиле со два проблема. Просечниот број проблеми меѓу оние кои навеле барем еден проблем во оваа категорија изнесува 1,29.

Во однос на ранливоста на проблемите со дискриминација, социо-демографски разлики беа констатирани само по основа на приходите. Заклучокот е дека најранливи се граѓаните со најниски приходи, па оние со приходи под 5 000 денари, кај кои ваквиот проблем е петпати почест во споредба со оние со приходи над 20 000 денари.

---

[59] Всушност, подолу во текстот е наведено дека кога се издвоени како посебна категорија проблемите со премин на граници се почесто известени и 8,60% од целиот примерок потврдиле дека имале ваков проблем. Секако, во оваа категорија нагласката е ставена на прекршување на правото на движење, без експлицитно да се постулира инхерентната етничката дискриминација, иако е имплицирана. Ваквата недоследност на стапките за ист феномен, дури и во едно исто истражување, е илустрација за ограничувањата поврзани со техниките на самоизвестување.

## РЕАКЦИИ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ЕТНИЧКА ОСНОВА

Од граѓаните кои се соочиле со дискриминаторски третман, повеќе од две третини (67,9%) не направиле ништо во врска со проблемот. Активноста за оваа категорија проблеми најчесто се сведува на поддршка од страна на најблиските (17,9%) или од друга организација (14,3%).




*Графикон 22*. Преземени активности за решавање на проблемите со дискриминација по етничка основа (база 28)

Повторно, најчеста причина за неактивност е неинформираноста (47,4%), а една петтина (21,1%) од испитаниците немаат објаснување за својата пасивност. За 15,8% од испитаниците, претпоставката дека ќе потрошат многу време на тоа ги одвраќа од акција, а за исто толкав процент причина да не направат ништо е материјалната депривираност.

| | f | % од неактивните |
|---|---|---|
| Не знаев каде да се обратам | 9 | 47,4% |
| Нема одговор | 4 | 21,1% |
| Немав пари | 3 | 15,8% |
| Тоа ќе ми одземеше премногу време | 3 | 15,8% |
| Не верувам во нашите судови | 2 | 10,5% |
| Треба многу време и пари за на суд | 2 | 10,5% |
| Проблемот беше незначаен | 1 | 5,3% |
| а. категорија на проблем = дискриминација по етничка основа, стратегија за решавање на проблемот = пасивна стратегија | | |

*Табела 13*. Причини за нерешавање на проблемот (дискриминација по етничка основа)

## ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ДРУГА ОСНОВА

Проблеми со дискриминација по основа различна од етничката припадност посочиле 4,5% од испитаните граѓани. Од наведените можни основи за дискриминација, најчесто е наведувана верската припадност, иако станува збор за низок процент, односно само 1,6% пријавиле дискриминација по оваа основа. Имајќи ги предвид ограничувањата поврзани со форматот на прашањата за дискриминација, повторно останува отворено прашањето колку од граѓаните успеале да ги препознаат и да известат за своите искуства со дискриминацијата.




*Графикон 23*. Зачестеност на проблемите со дискриминација

Од граѓаните кои навеле проблем со дискриминација, мнозинството (80,4%) навеле само еден проблем од оваа категорија проблеми, додека 13% потврдиле дека се соочиле со два проблема. Просечниот број проблеми меѓу оние кои навеле барем еден проблем во оваа категорија изнесува 1,39.

Иако според одговорите на испитаниците биле регистрирани 46 проблеми со дискриминација по основа различна од етничката припадност, ниту еден од овие проблеми не бил селектиран како временски претпоследен за да се разгледува во контекст на реакциите на проблемот.

## ПРОБЛЕМ СО ПРЕМИНОТ НА ГРАНИЦИ

*Патував за Германија со патнички автобус, ги пуштија сите освен мене.*

*29-годишен маж*

*Ме вратија од граница иако ги имав сите исправни документи за излез од државата. Имав и смртен случај за кој им кажав на вработените, но тие повторно одбија да ме пуштат и добив црн печат за да не излезам 24 часа надвор од државата.*

*42-годишна жена*

Во последните 3 години, 34,4% од граѓаните Роми се обиделе да патуваат надвор од државата, а секој четврти (25%) од нив се соочил со проблем, што претставува 8,6% од вкупниот примерок. Ова значи дека само во нашиот примерок се регистрирани дури 87 случаи на кои им е ограничено едно од основните човекови права. Индициите за проблемите со преминот на границите се нотирани уште во националното истражување од 2013, во кое се нагласува дека иако во општата популација само 0,3% се соочиле со ваков проблем, во 30% од случаите станува збор за граѓани Роми. Токму поради тоа, во оваа студија излегувањето од државата го одвоивме како проблем од посебна категорија.

Во последните 3 години обидот да патуваат надвор од РМ е почест кај пообразованите и кај оние со повисоки приходи. Наспроти 27,7% од граѓаните без основно образование, речиси половина или 47,8% од оние со средно образование патувале (или се обиделе да патуваат) надвор од границите на државата. Во однос на приходите, веројатноста за излегување надвор од РМ се зголемува со зголемувањето на приходите.

На ниво на цел примерок, 6,9%, односно 20,1% од оние кои се обиделе да излезат надвор од државата во последните три години ги вратиле од граница и не им бил дозволен излез од земјава, без да им се достави писмено образложение за причините. Дополнително, 3,7% од вкупниот примерок или секој десетти (10,6%) од оние кои се обиделе да излезат од земјата, биле малтретирани и детално претресени на македонските граници од страна на граничната полиција.




*Графикон 24.* Проблеми со премин на граници

Од граѓаните кои навеле проблем со премин на граници, 72,4% навеле само еден проблем од оваа категорија проблеми, додека 26,4% потврдиле дека се соочиле со 2 проблема. Просечниот број проблеми меѓу оние кои навеле барем еден проблем во оваа категорија изнесува 1,29.

Иако најчесто патуваат оние со повисоки приходи, најчесто дискриминирани на граничните премини се оние со најниски приходи. Повеќе од една третина (35,7%) од оние со приходи помали од 5 000 денари кои се обиделе да излезат надвор од државата пријавиле проблем, споредено со помалку од една четвртина (23,7%) од оние со приходи меѓу 10 001 и 20 000 денари и само 3,8% од оние со приходи меѓу 20 001 и 30 000 денари кои се обиделе да излезат надвор од државата.

## РЕАКЦИИ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО ПРЕМИН НА ГРАНИЦИ




*Графикон 25.* Преземени активности за решавање на проблемите со премин на границите (база 41).

Дури 75,6% од граѓаните не презеле ништо за својот проблем, најголем дел од нив затоа што не знаеле кој може да им помогне (48,4%), но и затоа што немале пари (22,6%) и затоа што не веруваат во нашите судови (19,4%), додека 22,6% немаат одговор на прашањето зошто не направиле ништо.

| | **f** | **% од неактивните** |
|---|---|---|
| Не знаев каде да се обратам | 15 | 48,4% |
| Нема одговор | 7 | 22,6% |
| Немав пари | 6 | 19,4% |
| Не верувам во нашите судови | 5 | 16,1% |
| Треба многу време и пари за на суд | 4 | 12,9% |
| Тоа ќе ми одземеше премногу време | 2 | 6,5% |
| Очекував проблемот самиот да се реши | 1 | 3,2% |
| а. категорија на проблем = проблеми со премин на граници, стратегија за решавање на проблемот = пасивна стратегија | | |

*Табела 14.* Причини за нерешавање на проблемот (проблеми со премин на границите)

## СЕМЕЈНИ ПРОБЛЕМИ

Во овој дел ги разгледуваме проблемите поврзани со старателството и грижата за децата, проблемите поврзани со разводот или прекинот на вонбрачната заедница и проблемите поврзани со семејното насилство.

Прашањата што се однесуваа на правните проблеми на кои можат да наидат родителите или старателите, им беа поставувани само на испитаниците кои имаат деца помлади од 21 година (имајќи предвид дека истражувањето се однесува на последните три години). 50,9% од испитаниците во периодот што е предмет на истражување имале малолетни деца, а само 4,50% од нив пријавиле проблем од оваа категорија, што претставува 2,3% од целиот примерок. Доколку ги разгледуваме според поткатегории, девет испитаници имале проблем да го запишат своето дете во матичната книга на родените, шест пријавиле проблем со малолетнички брак, кај четири случаи се известува за проблем со докажување на татковството, а исто толку имале проблем да го запишат своето дете во градинка.

| | **f** | **% квалификуваната група** | **% од примерокот** |
|---|---|---|---|
| Проблем со посвојување, згрижување или старателство врз деца | 4 | 0,8% | 0,4% |
| Проблем со запишување дете во Матична книга на родените | 9 | 1,7% | 0,9% |
| Проблем со докажување на татковството | 4 | 0,8% | 0,4% |
| Закани за киднапирање или киднапирани деца од другиот родител или друг член на семејството | 3 | 0,6% | 0,3% |
| Одземено родителско право | 1 | 0,2% | 0,1% |
| Проблем со малолетнички брак | 6 | 1,2% | 0,6% |
| Одбиле да ви го запишат детето во училиште или во градинка | 4 | 0,8% | 0,4% |
| Детето го малтретирале или вознемирувале на училиште, а надлежните не реагирале | 1 | 0,2% | 0,1% |
| Проблем со добивање на комплетот учебници што му следуваат на вашето дете | 1 | 0,2% | 0,1% |
| Оневозможен пристап на детето до соодветно образование (на пример, специјализирано образование за децата со посебни потреби) | 1 | 0,2% | 0,1% |

*Табела 15*. Проблеми поврзани со грижата за децата

Во просек, граѓаните Роми пријавиле по 1,48 проблеми поврзани со децата. Од оние кои пријавиле проблем поврзан со децата, 69,6% се соочиле само со еден проблем, 17,4% известиле за два проблеми од оваа категорија, додека 8,7% навеле и по три проблеми.

Примерокот на разгледувани проблеми од оваа категорија е премногу мал (N=9) за да можеме да извлечеме заклучоци за тоа како граѓаните вообичаено се справуваат кога се соочени со ваков проблем, но може да се забележи дека повеќето презеле некаква активност за решавање на проблемот. Во четири случаи за да се постигне договор била контактирана другата страна, а во исто толку е побаран совет или помош од некоја организација. Тројца се консултирале со адвокат, а во два случаја во врска со проблемот дополнително е побарана помош и поддршка од роднини или пријатели. Само во два случаја не е направено ништо во врска со проблемот. Причината е наведена само во едниот случај и повторно се однесува на неинформираност за тоа кој би можел да помогне во решавање на проблемот.

| | f | % квалификуваната група | % од примерокот |
|---|---|---|---|
| Проблем со поделба на имотот, пари, пензии или долгови за време на или по разводот или разделбата | 2 | 4,8% | 0,2% |
| Проблем со добивање или плаќање издршка | 2 | 4,8% | 0,2% |
| Проблем со добивање /исплата на алиментација | 1 | 2,9% | 0,1% |
| Проблем со старателството | 2 | 5,9% | 0,2% |
| Проблем со одржување контакт со децата (на пример, од другиот родител ви било забрането да ги посетувате или да ги гледате децата) | 2 | 5,9% | 0,2% |

*Табела 16.* Проблеми со развод или прекин на вонбрачната заедница

Само 4,2% од испитаниците изјавиле дека во последните три години имале развод на бракот или прекин на вонбрачната заедница. Од нив, само 11,9% пријавиле проблем од оваа категорија, што претставува 0,50% од севкупниот примерок. Во два случаја станува збор за проблем со поделбата на имотот, пари, пензии или долгови за време на или по разводот или разделбата, а во два случаја проблем е добивањето или плаќањето издршка. Од оние случаи кои во време на разводот или прекинот на вонбрачната заедница имале малолетни деца, двајца се соочиле со проблем со старателството, двајца со проблем за одржување контакт со децата, а во еден случај е констатиран проблем со добивањето или исплатата на алиментација. Четворица испитаници пријавиле по еден проблем со разводот, а еден испитаник пријавил дури пет проблеми.

Подетално се разгледувани два проблема во врска со разводот и во двата случаја е направен обид за договор со партнерот. Еден од испитаниците дополнително побарал совет од адвокат, а еден побарал помош од некоја организација.

| | | f | % квалификуваната група | % од примерокот |
|---|---|---|---|---|
| Закани за физичко насилство од страна на сегашниот /претходниот партнер | до децата или до друг член од семејството | 5 | 0,5% | 0,5% |
| | до испитаникот/чката | 3 | 0,3% | 0,3% |
| Физичко насилство од страна на сегашниот /претходниот партнер | врз децата или врз друг член од семејството | 3 | 0,3% | 0,3% |
| | врз испитаникот/чката | 8 | 0,8% | 0,8% |

*Табела 17*. Проблеми со семејното насилство

Проблем со семејно насилство пријавиле 11 испитаници, што претставува 1,1% од примерокот.

Во три од случаите се регистрирани и закани за насилство и за физичко насилство, а пет испитаници пријавиле дека претрпеле физичко насилство. Од вкупно осум пријавени случаи за претрпено физичко насилство, во шест случаи жртвата е жена, а во два случаја жртвата е маж. Во три случаи, на физичко насилство биле подложени децата или друг член на семејството, а во дополнителни три случаи биле пријавени само закани за физичко насилство насочени кон децата или кон друг член од семејството.

Седум испитаници пријавиле само еден проблем, двајца испитаници пријавиле два проблема и двајца испитаници потврдиле дека се соочиле со сите четири наведени проблеми со семејно насилство. Просечниот број проблеми меѓу оние кои пријавиле барем еден проблем изнесува 1,73.

Подетално се разгледани само два проблема поврзани со семејно насилство. И во двата случаја се преземени активни стратегии – побарана е помош од организација или од адвокат, а еден случај завршил и на суд.

## ДРУГО

Во овој дел ги разгледуваме проблемите што не можат да се категоризираат во претходно издвоените проблемски категории, а кај кои утврдивме премногу ниска застапеност за да ги третираме како посебни категории проблеми.

| | **f** | **% од примерокот** |
|---|---|---|
| Повреда/незгода на работното место | 13 | 1,3% |
| Повреда/незгода на јавно место | 5 | 0,5% |
| Сообраќајна несреќа | 16 | 1,6% |

| | | |
|---|---|---|
| Неправеден третман од страна на полицијата (вознемирување, неовластен претрес, насилство) | 13 | 1,3% |
| Полицијата не повела истрага за законски прекршувања од кои е претрпена штета | 10 | 1,0% |
| Жртва на клевета или навреда | 5 | 0,5% |
| Повреда на приватноста (неовластено споделен или користен матичен број) | 2 | 0,2% |
| Проблеми со студирање | 2 | 0.2% |
| Друго | 8 | 0,8% |

*Табела 18. Друго (проблеми кои не можат да се категоризираат во претходно издвоените проблемски категории)*

Сообраќајна несреќа доживеале 16 испитаници, додека 13 имале незгода на работното место. Неправеден третман од страна на полицијата доживеале 13 испитаници, десетмина биле лишени од правото полицијата да поведе истрага за законски прекршувања од кои претрпеле штета, пет биле жртва на клевета или навреда, а двајца известиле за повреда на приватноста (злоупотреба или неовластено користење на лични податоци).

Во поглед на тоа како е постапено во врска со проблемот, од разгледаните 27 случаи дури во 70,4% испитаниците направиле нешто за да го решат својот проблем. Ваквиот процент пред сè се должи на постапувањето во врска со проблемите поврзани со сообраќајните несреќи или повредите на работното место, за кои во 82,4% од испитаниците презеле активна стратегија: осуммина се обиделе да се спогодат со другата страна, а петмина побарале помош од роднина или од пријател. Во однос на другите десет проблеми од оваа категорија, во пет од случаите не е направено ништо, четворица побарале совет од адвокат, а во два од случаите е побарано совет од организација. Еден од случаите завршил преку судска постапка, а за еден е побарана медијација.

За осум проблеми од оваа категорија не е преземено ништо, а во половина од случаите нема одговор на прашањето зошто не е направено ништо. Тројца од испитаниците не знаеле каде да се обратат, двајца немале пари за да се справат со проблемот, еден испитаник сметал дека проблемот е незначаен за да преземе каков било чекор, а во еден од случаите причина е недовербата во судскиот систем.

## ПАТОТ ДО ПРАВДАТА: РЕАКЦИЈА НА ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ

Во овој дел од студијата разгледуваме како граѓаните се соочуваат со проблемите кои би можеле да имаат правна разрешница и детално ги анализираме нивните т.н. патишта до правдата. Наодите од овој дел овозможуваат детален увид во начинот на кој граѓаните Роми се справуваат со правните проблеми, но и нивните искуства со и довербата во системот.

Од методолошка гледна точка, и како што е наведено и погоре во текстот, доколку испитаникот или испитаничката во последните три години се соочиле со повеќе од еден правен проблем, подетално го разгледувавме проблемот што се случил претпоследен.

Од табелата 21 може да се види дека меѓу детално разгледуваните проблеми најзастапени се проблемите со домувањето, кои се и најчесто пријавувани од страна на испитаниците. Втори по зачестеност се проблемите поврзани со пари или со долгови, а трети проблемите со државната помош.

| | f | % од вкупно разгледуваните проблеми | % од пријавените проблеми во категоријата |
|---|---|---|---|
| Проблем со домување/ имот | 230 | 32,60% | 59,28% |
| Проблем со пари/долгови | 149 | 21,10% | 54,78% |
| Проблеми со државната помош | 75 | 10,60% | 49,01% |
| Проблем со здравствените услуги | 54 | 7,70% | 41,87% |
| Проблем со работа/ вработување | 53 | 7,50% | 35,60% |
| Проблем со премин на границите | 41 | 5,80% | 47,12% |
| Потрошувачки проблем | 35 | 5,% | 24,30% |
| Дискриминација по етничка основа | 28 | 4% | 32,18% |
| Проблеми со сообраќајни несреќи и друго | 27 | 3,83% | 43,55% |
| Проблем со децата | 9 | 1,3% | 39,13% |
| Проблем со развод | 2 | 0,3% | 40% |
| Проблем со семејно насилство | 2 | 0,3% | 18,18 |
| Вкупно | 705 | 100% | |

*Табела 18.* Проблеми разгледувани преку преземените стратегии

За да се утврди генезата на проблемите, но и за да видиме како анализираните проблеми се вклопуваат и надополнуваат со други предизвици во животите на испитаниците, ги прашувавме дали сметаат дека избраните проблеми се поврзани со друг проблем со кој се соочиле. Според одговорите, само 6,6% од проблемите (или вкупно 47 индивидуални проблеми) биле поврзани со друг проблем, што може да упатува на заклучокот дека проблемите на кои наидуваат граѓаните се неповрзани и се случуваат изолирано, но исто така може да сугерира и неможност да се препознае поврзаноста. Од друга страна, и покрај тоа што станува збор за мал број меѓусебно поврзани проблеми, вреди да се напомене дека во националната студија овој процент е 2,2%, што значи дека кај ромското население е трипати поверојатно проблемите да бидат поврзани со друг/и проблем/и. Во оние случаи кои укажуваат на поврзаност, не е наведена каузална врска што имплицира дека еден правен проблем произвел друг, туку најчесто коренот на проблемот што ги изродува сите други, според одговорите на испитаниците, е сиромаштијата или материјалната депривираност.

Така, овој „поврзан проблем“ е причина и за неплатените сметки и за подолгите прекини на јавните услуги и за потребата од социјална парична помош и препреките на кои се наидува за остварување на правото.

Еден од клучните индикатори кој може индиректно да ни даде увид во ефикасноста на системот е стапката на тековните, односно завршените проблеми. Во студијата од 2013 година, со која беше опфатено општото население, со разочарување утврдивме дека биле решени само 38,6% од проблемите, додека преостанатите проблеми биле тековни проблеми, и покрај тоа што дел од пријавените проблеми траат повеќе од три години.“[60] Имајќи ја предвид оваа бројка, на прв поглед изненадуваат наодите од оваа студија, кои упатуваат на тоа дека процентот на завршени проблеми кај граѓаните Роми е значително повисок, при што се завршени речиси половина од анализираните проблеми (49,4%). Сепак, причината за оваа разлика не е во етничката припадност (т.е. не можеме да заклучиме дека е поверојатно правните проблеми на граѓаните Роми да бидат решени), туку во природата на проблемите што ги пријавиле учесниците во оваа студија. Дали проблемот е завршен или сè уште трае, многу зависи од категоријата на проблемот, а хронично тековни се само проблемите поврзани со домувањето, од кои 70,4% сè уште траат. Наспроти нив, 90,2% од проблемите со премин на границите, 77,8% од проблемите со здравствените услуги и 66% од проблемите со работа или вработување, според мислењето на испитаниците, се завршени. Овие разлики не отстапуваат од очекуваното, со оглед на природата на проблемите, т.е. со оглед на тоа дека кај вторава група категории станува збор за еднократни или пак за краткотрајни настани во кои би можел да се јави проблем.

| **Дали проблемот е завршен (тековен статус)?** | **Проблемот уште трае** | | **Проблемот е завршен** | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Потрошувачки проблем | 13 | 37,1% | 22 | 62,9% |
| Проблем со работа/ вработување | 18 | 34,0% | 35 | 66,0% |
| Проблем со домување/ имот | 162 | 70,4% | 68 | 29,6% |
| Дискриминација по етничка основа | 16 | 57,1% | 12 | 42,9% |
| Проблем со пари/долгови | 79 | 53,0% | 70 | 47,0% |
| Проблеми со државна помош | 39 | 52,0% | 36 | 48,0% |
| Проблем со образованието | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% |
| Проблем со деца | 3 | 33,3% | 6 | 66,7% |
| Проблем со развод | 1 | 50,0% | 1 | 50,0% |
| Проблем со семејно насилство | 2 | 100,0% | 0 | 0,0% |
| Проблем со повреди на јавно или на работно место | 3 | 17,6% | 14 | 82,4% |
| Проблем со здравствени услуги | 12 | 22,2% | 42 | 77,8% |
| Проблем со премин на граници | 4 | 9,8% | 37 | 90,2% |
| Друго (неправеден третман од страна на полицијата, злоупотреба на лични податоци | 5 | 50,0% | 5 | 50,0% |

*Табела 19.* Статус на проблемот, според категории

[60]Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија, стр. 89

Оправдано е да се претпостави дека е поверојатно да се завршени проблемите за чиешто решавање се преземени некакви чекори и дека всушност неактивноста се поврзува со помалата веројатност за ефективно решавање на проблемот (Pleasence & Balmer, 2014[61]). Оттаму, беше анализирано дали статусот на проблемот е детерминиран од тоа дали е преземена активна или пасивна стратегија за справување со проблемот.

Според наодите, половина (50,9%) од завршените проблеми „се решени“ стихијно и дали е преземена активна или пасивна стратегија за решавање на проблемот значајно не ја одредува веројатноста за тоа дали проблемот е завршен или не.

Половина од испитаниците или 50,1% кои имале проблем презеле нешто за негово решавање, додека 49,9% не направиле ништо во врска со проблемот. Стапката на активно соочување во ова истражување е пониска од онаа евидентирана во општата популација, каде што 63,9% од граѓаните презеле барем нешто за справување со проблемот, но е релативно висока[62] ако се земе предвид дека речиси половина од граѓаните презеле барем нешто. Сепак, доколку активноста ја разгледаме преку зачестеноста на преземените активности, ќе се заклучи дека дека многу мал дел од испитаниците презеле правна акција и дека во најголем дел „активноста“ се сведува на неформални обиди за контактирање на другата страна, помош од други организации, кои во 80% од случаите се граѓански, како и на помош и поддршка од роднини и пријатели. Од друга страна, само 4,7% од оние кои се соочиле со проблем побарале совет од адвокат, а само за 2,1% од проблемите била побарана „правда“ преку судска постапка. Со други зборови, решенија за проблемите се бараат неформално во заедницата, а не формално во институциите.

| Што СЀ преземедовте за разрешување на проблемот ? | f | % од оние кои имале барем еден проблем | % од оние со активна стратегија |
|---|---|---|---|
| Ја контактиравте другата страна и побаравте да се договорите | 218 | 30,8% | 58,6% |
| Ја контактиравте другата страна и ѝ се заканивте со тужба | 14 | 2,0% | 4,0% |
| Ја контактиравте другата страна и ѝ исплативте пари | 54 | 7,6% | 15,0% |
| Побаравте совет од адвокат | 33 | 4,7% | 9,3% |
| Отидовте на суд | 15 | 2,1% | 4,2% |
| Отидовте на посредување/медијација | 16 | 2,3% | 4,5% |
| Поднесовте претставка до народниот правобранител | 6 | ,8% | 1,7% |
| Побаравте помош од роднина/пријател | 77 | 10,9% | 21,8% |
| Побаравте совет/помош од друга организација | 90 | 12,7% | 25,5% |
| Друго | 48 | 6,8% | 13,0% |
| Ништо ништо не направивте | 355 | 50,1% | 0,0% |

[61] Pleasence, P., & Balmer, N. J. (2014). How People Resolve “Legal” Problems. *London: Legal Services Board.* Достапно на: https://research.legalservicesboard.org.uk/wp-content/media/How-People-Resolve-Legal-Problems.pdf

[62] Иако споредбата не е сосема оправдана, интересно е да се напомене дека според прегледот (Pleasence, & Balmer 2014) на националните истражувања за правните потреби во периодот од 1993 до 2008 во 15 различни јурисдикции, неактивноста во контекст на правните проблеми се движи меѓу 10 и 20%, што е значително пониска стапка од онаа констатирана и во ова и во истражувањето од 2013.

*Табела 20.* Реакции на проблемот

Слично како и во истражувањето од 2013 година, од категоријата на проблемот зависи дали ќе се избира активна или пасивна стратегија. Активна стратегија за соочување со проблемот се презема почесто за проблеми поврзани со пари или со долгови и 65,1% од оние чиј проблем со пари или долгови бил разгледуван активно се соочиле со проблемот. Од друга страна, пасивноста е многу почеста за проблемите поврзани со преминот на границите (75,6%), за проблемите со здравствените услуги (68,5%) и проблемите со работа или вработување (66%). Ако на ова додадеме дека стапките на пасивност се највисоки кај категориите проблеми за кои испитаниците најчесто известувале дека се завршени, се потврдува претпоставката дека тоа што проблемот се смета за завршен, не значи и дека е решен. Со оглед на тоа што станува збор за огромна пасивност кај категориите проблеми што се јавуваат при остварувањето на важни права на граѓаните – имено, правото на слободно движење, правото на здравствена заштита и правото на работа, ова може да биде важен индикатор при подготвувањето програми за опслужување на граѓаните, зашто таргетираните интервенции, конкретно во овие области, би можеле да имаат трансформативно влијание врз заедницата (во смисла на тоа дека значително ќе ги намалат правните проблеми со кои се соочуваат).

| | **пасивна стратегија** | | **активна стратегија** | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Потрошувачки проблем | 16 | 45,70% | 19 | 54,30% |
| Проблем со работа/ вработување | 35 | 66,00% | 18 | 34,00% |
| Проблем со домување/ имот | 110 | 47,80% | 120 | 52,20% |
| Дискриминација по етничка основа | 19 | 67,90% | 9 | 32,10% |
| Проблем со пари/долгови | 52 | 34,90% | 97 | 65,10% |
| Проблеми со државната помош | 42 | 56,00% | 33 | 44,00% |
| Проблем со образованието | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| Проблем со децата | 2 | 22,20% | 7 | 77,80% |
| Проблем со разводот | 0 | 0,00% | 2 | 100,00% |
| Проблем со семејно насилство | 0 | 0,00% | 2 | 100,00% |
| Проблем со повреди на јавно или на работно место | 3 | 17,60% | 14 | 82,40% |
| Проблем со здравствените услуги | 37 | 68,50% | 17 | 31,50% |
| Проблем со преминот на границите | 31 | 75,60% | 10 | 24,40% |
| Друго (неправеден третман од страна на полицијата, злоупотреба на лични податоци) | 5 | 50,00% | 5 | 50,00% |
| **Вкупно** | **355** | **50,1%** | **353** | **49,9%** |

Табела 21. Стапка на активни и пасивни стратегии според категоријата на проблемот

Интересно е да се напомене дека социодемографската заднина не ја определува значително веројатноста за преземање активна стратегија. Иако можеби зачудува тоа што немаме значителни социодемографски разлики, сепак овој наод треба да се интерпретира низ призмата на хомогеноста на целната група на истражувањето. Така, ако истражувањето на општото население од 2013[63] година покажа дека сиромашните, младите и невработените се посклони кон тоа да не преземат ништо, тоа што нема разлики во сегашниот примерок може да се објасни со тоа што оваа група е непропорционално сиромашна и невработена, т.е., релативно „хомогена“ во однос на овие варијабли: ако во националниот примерок 14% проценти од примерокот има месечни приходи во домаќинството пониски од 10 000 денари, во ромскиот примерок овој процент изнесува 62,8%. Ако во општата популација една третина (33,3%) од испитаниците не работеле (невработени + невработени кои не бараат работа), во примерокот на ова истражување овој процент е повеќе од две третини (69,2%).

## РАЗБИРАЊЕ НА НЕАКТИВНОСТА

Најчести причини зошто не е преземено ништо во врска со проблемот се неинформираноста и немањето доволно финансиски средства. Така, 31,8% од испитаниците рекле дека не знаат каде да се обратат за својот проблем, додека 28,5% навеле дека немале доволно финансиски средства. Следна причина по застапеноста (12,7%) е недовербата во судскиот систем, додека за 10,7% финансиските трошоци и времето потребно за судење се дополнително објаснување за нивната пасивност. Секој десетти (10,7%) очекувал проблемот сам да се реши, а дури една четвртина (24,8%) не дале одговор на прашањето зошто не презеле ништо. Ваквата дистрибуција на одговори упатува на тоа дека за мнозинството неактивноста не е прашање на избор, туку последица на правна немоќ.

| **Зошто ништо не сте направиле во врска со проблемот?** | **Да** | | **Не** | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Немав пари | 101 | 28,5% | 254 | 71,5% |
| Не знаев каде да се обратам | 113 | 31,8% | 242 | 68,2% |
| Тоа ќе ми одземеше премногу време | 28 | 7,9% | 327 | 92,1% |
| Не можев поради работни обврски | 8 | 2,3% | 347 | 97,7% |
| Другата страна немаше пари | 6 | 1,7% | 349 | 98,3% |
| Не верувам во нашите судови | 45 | 12,7% | 310 | 87,3% |
| Треба многу време и пари за на суд | 38 | 10,7% | 317 | 89,3% |
| Проблемот беше незначаен | 25 | 7,0% | 330 | 93,0% |
| Очекував проблемот да се реши самиот | 38 | 10,7% | 317 | 89,3% |
| Премногу доцна сфатив што ризикувам/дека ова е проблем | 17 | 4,8% | 338 | 95,2% |
| Нема одговор | 88 | 24,8% | 267 | 75,2% |

a. Стратегија на решавање на проблемот = пасивна стратегија

Табела 22. Стапка на неактивност според причината за неактивност

[63] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

Од оние кои не презеле ништо во врска со проблемот, само 16% планираат да преземат нешто во иднина. 38,6% од нив рекле дека планираат да се договорат со другата страна, а исто толку (38,6%) сакаат да побараат совет или помош од друга организација.

| **Дали планирате да направите нешто во врска со проблемот во иднина?** | **Да** | | **Не** | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Да ѝ се заканам со суд | 2 | 3,50% | 55 | 96,50% |
| Да ѝ исплатам пари | 5 | 8,80% | 52 | 91,20% |
| Да побарам да се договориме | 22 | 38,60% | 35 | 61,40% |
| Да побарам совет од адвокат | 8 | 14,00% | 49 | 86,00% |
| Да одам на суд | 1 | 1,80% | 56 | 98,20% |
| Да одам на посредување/медијација | 7 | 12,30% | 50 | 87,70% |
| Да поднесам претставка до народниот правобранител | 2 | 3,50% | 55 | 96,50% |
| Да побарам помош од роднина/пријател | 8 | 14,00% | 49 | 86,00% |
| Да побарам совет/помош од друга организација | 22 | 38,60% | 35 | 61,40% |
| Нема одговор | 6 | 10,50% | 51 | 89,50% |
| а. Стратегија на решавање на проблемот = пасивна стратегија; Дали планирате да направите нешто во врска со проблемот во иднина? = Да | | | | |

*Табела 23*. Планирани реакции на проблемот кај неактивните

## ВРЕДНОСТА НА ПРОБЛЕМОТ И НЕГОВИТЕ ПОСЛЕДИЦИ

Кога проблемот е поврзан со пари, т.е. може да му се определи парична вредност, еден од клучните фактори кои можат да детерминираат дали истиот ќе се перципира како тривијален или не е неговата вредност, односно „колку чини“ проблемот. Од разгледуваните проблеми, 13,5% не се поврзани со пари, додека половината (53,7%) имаат вредност до 500 €. Иако речиси кај половина од нив станува збор за суми под 100 €, поради социоекономската ситуација на граѓаните (во примерокот 26,8% или повеќе од секое четврто домаќинство има месечни приходи пониски од 5 000 денари), дури и ваквите вредности претставуваат сериозни финансиски оптоварувања за семејниот буџет.

Дистрибуцијата на проблемите, според нивната финансиска вредност, не се разликува од онаа добиена за општата популација, со тоа што кај ромската популација забележуваме отстапување во однос на тоа колку испитаници не дале одговор за вредноста на проблемот (10,7% наспроти 4,9% во општата популација).

Веројатноста да се преземе нешто за решавање на проблемот се зголемува со зголемување на вредноста на проблемот, но од друга страна колку е поголема вредноста на проблемот, толку е поголема веројатноста истиот да не биде решен. Во оваа смисла, Ромите не се разликуваат од другите македонски граѓани, па овие наоди се доследни на оние од

националната студија од 2013 година[64] и донекаде потврдуваат дека „цената“ на проблемот ја зголемува мотивацијата да се преземе нешто во врска со него, но исто така и дека финансиски потешките проблеми се решаваат побавно.

| | **Вредност на проблемот** | | **Пасивна стратегија** | | **Активна стратегија** | | **Проблемот уште трае** | | **Проблемот е завршен** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** |
| Проблемот не е поврзан со пари | 81 | 13,5% | 53 | 65,4% | 28 | 34,6% | 27 | 33,3% | 54 | 66,7% |
| Помалку од 100 € | 145 | 24,2% | 84 | 57,9% | 61 | 42,1% | 57 | 39,3% | 88 | 60,7% |
| 100 €-500 € | 177 | 29,5% | 83 | 46,9% | 94 | 53,1% | 79 | 44,6% | 98 | 55,4% |
| 501€-1 000 € | 81 | 13,5% | 37 | 45,7% | 44 | 54,3% | 56 | 69,1% | 25 | 30,9% |
| 1 001 €-5 000 € | 67 | 11,2% | 22 | 32,8% | 45 | 67,2% | 50 | 74,6% | 17 | 25,4% |
| 5 000 € до 10 000 € | 27 | 4,5% | 11 | 40,7% | 16 | 59,3% | 23 | 85,2% | 4 | 14,8% |
| 10 001 €-50 000 € | 21 | 3,5% | 5 | 23,8% | 16 | 76,2% | 18 | 85,7% | 3 | 14,3% |
| Повеќе од 50 000 € | 1 | 0,2% | 0 | 0,0% | 1 | 100,0% | 1 | 100,0% | 0 | 0,0% |
| Вкупно | 600 | 100% | | | | | | | | |
| Нема одговор | 108 | | | | | | | | | |

Табела 24. Вредноста на проблемот според стратегијата за решавање и статусот на проблемот

За разгледуваните проблеми беа прибирани и проценки за нивните последици - од психосоцијални до финансиски. На скала од еден до седум, испитаниците оценуваа колку проблемот ги погодил финансиски (каде што 1 значи дека не им претставувал финансиски товар, а 7 значи дека станало збор за сума што им го променила животот), колкав стрес им предизвикал проблемот (каде што 1 значи никаков стрес, а 7 значи максимален стрес) и колкава штета предизвикал проблемот во животот на испитаникот (каде што 1 значи дека немало штета, а 7 значи дека му го уништил животот). Табелата 20 ги прикажува средните вредности на одговорите на овие прашања.

Според наодите, со зголемување на вредноста на проблемот се зголемува и вредноста на оценката за претрпениот стрес, финансиските трошоци и севкупната штета, иако очекувано поврзаноста е најголема со оценката за предизвиканиот финансиски товар.

[64] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

| | Вредност на проблемот | | Колкав стрес ви предизвика овој проблем? | Колку овој проблем ве погоди финансиски? | Колку штета ви предизвика овој проблем? |
|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | Средна вредност | Средна вредност | Средна вредност |
| Проблемот не е поврзан со пари | 81 | 13,5 | 5,23 | 3,01 | 3,36 |
| Помалку од 100 € | 145 | 24,2 | 4,68 | 4,21 | 3,77 |
| 100 €-500 € | 177 | 29,5 | 5,3 | 4,91 | 4,38 |
| 501€-1 000€ | 81 | 13,5 | 6,16 | 5,95 | 5,25 |
| 1 001€-5 000€ | 67 | 11,2 | 6,52 | 5,78 | 5,28 |
| 5 000 до 10 000€ | 27 | 4,5 | 6,59 | 6,3 | 5,67 |
| 10 001€-50 000€ | 21 | 3,5 | 6,38 | 5,9 | 5,05 |
| Повеќе од 50 000€ | 1 | ,2 | 7 | 7 | 7 |

*Табела 25*. Вредноста на проблемот и неговите последици

Дополнително, може да се констатира и значителна поврзаност на проценките што ги дале испитаниците за претрпените последици од проблемот. Поточно, испитаниците кои повисоко го оцениле претрпениот стрес, повисоко го процениле претрпениот финансиски товар и севкупната штета предизвикана од проблемот и, според наодите, поврзаноста е најголема меѓу оценките за финансискиот товар и севкупната оценка за штетата[65], што донекаде упатува на тоа дека севкупната оценка на штетата за граѓаните многу повеќе се базира на перцепциите за материјалната, отколку на оценките за психосоцијалната штета или стрес.

## ДРУГАТА СТРАНА ВО ПРОБЛЕМОТ И ПОВРЗАНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ

Во 52,8% од разгледуваните проблеми другата страна е државата, во 18,8% од случаите другата страна на проблемот е приватна организација, а за 7,5% проблем е работодавачот.

[65] $r(706) = 0,68$, $p=,000$




*Графикон 26*. Другата страна во проблемот (база 708)

Од проблемите во кои другата страна е државата, 32,5% се проблеми поврзани со домувањето/ имотот, 18,5% се проблеми поврзани со државната помош, 18,5% се проблеми со пари/долгови, а 11,8% проблеми со здравствените услуги. Од проблемите во кои другата страна е приватна организација, 34,8% се проблеми со домувањето/ имот, а 36,4% се проблеми со пари/долгови.

| | **Дали проблемот е завршен (тековен статус)?** | | | | **Стратегија на решавање на проблемот** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Проблемот уште трае** | | **Проблемот е завршен** | | **Пасивна стратегија** | | **Активна стратегија** | |
| **Другата страна во проблемот** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Член на семејството/партнер | 19 | 67,90% | 9 | 32,10% | 7 | 25,00% | 21 | 75,00% |
| Работодавач | 22 | 41,50% | 31 | 58,50% | 31 | 58,50% | 22 | 41,50% |
| Државна институција | 187 | 50,00% | 187 | 50,00% | 208 | 55,60% | 166 | 44,40% |
| Приватна организација | 77 | 57,90% | 56 | 42,10% | 55 | 41,40% | 78 | 58,60% |
| Сосед | 2 | 50,00% | 2 | 50,00% | 1 | 25,00% | 3 | 75,00% |
| Лице со кое немате роднински врски | 15 | 41,70% | 21 | 58,30% | 14 | 38,90% | 22 | 61,10% |
| Друго | 36 | 45,00% | 44 | 55,00% | 39 | 48,80% | 41 | 51,20% |

*Табела 26*. Другата страна на проблемот според статусот, стратегијата и перципираната правичност

Од тоа кој е на другата страна на проблемот значително зависи дали ќе биде преземена активна или пасивна стратегија, но не и дали проблемот ќе биде завршен или не. Многу поверојатно е дека нема да се преземе ништо во врска со проблемот ако од другата страна се наоѓа државата. Така, во 55,6% проценти од проблемите со државните институции не е преземено ништо во врска со проблемот.

Активните стратегии се поверојатни ако на другата страна е физичко лице (член на семејството или партнер, сосед или лице кое не е роднина) или приватна организација (која не е работодавач). Очекувано, активното соочување со проблемот е најнеизбежно ако на другата страна стои член на семејството или партнер и во 75% од ваквите случаи, граѓаните презеле нешто.

Кај завршените проблеми, од тоа кој е од другата страна значително зависи дали граѓанинот смета дека исходот бил правичен или не. Перцепцијата за искусена неправда е поверојатна ако од другата страна е државна институција (71,3%), работодавач (66,7%) и приватна организација (65,9%), што имплицира поголема асиметрија на моќ кога во правните проблеми се инволвирани правни лица.




*Графикон 27*. Перцепција за правичноста на исходот според другата страна на проблемот

| | **Неправичен исход** | | **Правичен исход** | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Член на семејството/партнер | 2 | 25,0% | 6 | 75,0% |
| Работодавач | 16 | 66,7% | 8 | 33,3% |
| Државна институција | 107 | 71,3% | 43 | 28,7% |
| Приватна организација | 29 | 65,9% | 15 | 34,1% |
| Сосед | 1 | 50,0% | 1 | 50,0% |
| Лице со кое немате роднински врски | 7 | 38,9% | 11 | 61,1% |
| Друго | 14 | 48,3% | 15 | 51,7% |

*Табела 27.* Другата страна на проблемот според статусот, стратегијата и перципираната правичност

**ПРАВНИ СОВЕТИ И ИСКУСТВА СО СУДСКИОТ СИСТЕМ**

Правен совет побарале 228 испитаници или 64,6% од оние кои примениле активни стратегии, односно 32,2% од оние кои имале барем еден проблем. Ваквиот наод на прв поглед изненадува, доколку се земе предвид дека во општата популација само 34% од оние кои примениле активни стратегии и 22% од оние кои имале правен проблем побарале некаков вид правен совет.[66] Меѓутоа, ако подетално се разгледа од кого бараат совети испитаниците од двата примерока, ќе се увиди дека за граѓаните Роми правните совети најчесто доаѓаат од граѓанските организации, кои пак многу ретко се идентификувани како потенцијални советодавци, според наодите од општата популација. Така, 27,5% од граѓаните Роми кои примениле активни стратегии побарале совет од граѓанска организација, додека ова е случај кај само 0,9% од оние кои примениле активни стратегии кај општата популација.

Вториот по зачестеност одговор упатува на тоа дека 19% од граѓаните Роми кои активно се соочиле со проблемот побарале правен совет од роднина/пријател/колега, додека овој процент во општата популација е значително помал и изнесува 6,3%. Од друга страна, само 9,6% од активните кај граѓаните Роми си дозволиле правен совет од адвокат, наспроти 34,7% од активните во општата популација. Канцеларијата на Народниот правобранител е ретко идентификувана како инстанца за правна помош и во двете истражувања, но споредено со 0,6% од активните во ромската популација, била контактирана од страна на 6,9% од активните во општата популација.

Сумарно, ваквите споредби упатуваат на тоа дека додека општата популација за правните совети најчесто се обраќа кај адвокат, ромската популација за правен совет најчесто се потпира на сервисите на граѓанските организации или на советите од роднините и пријателите.

| **Каде се обративте за правен совет или помош (за да го решите проблемот)?** | **% од активните** | | **% од оние со барем еден проблем** | **% цел примерок** |
|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **%** | **%** |
| Адвокат | 34 | 9,6% | 4,8% | 3,4% |
| Правник | 13 | 3,7% | 1,8% | 1,3% |
| Суд | 11 | 3,1% | 1,6% | 1,1% |
| Обвинител | 1 | 0,3% | 0,1% | 0,1% |
| Јавен обвинител | 1 | 0,3% | 0,1% | 0,1% |
| Народен правобранител | 2 | 0,6% | 0,3% | 0,2% |

[66] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Полиција | 8 | 2,3% | 1,1% | 0,8% |
| Посредник | 7 | 2,0% | 1,0% | 0,7% |
| Подрачна единица на Министерството за правда | 1 | 0,3% | 0,1% | 0,1% |
| Локалната општина (информативно биро за граѓаните) | 18 | 5,1% | 2,5% | 1,8% |
| Пратеник или општински советник | 0 | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Социјален работник | 12 | 3,4% | 1,7% | 1,2% |
| Синдикат | 0 | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Вашиот работодавач | 7 | 2,0% | 1,0% | 0,7% |
| Комисија за заштита од дискриминација | 0 | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Ромски информативен центар (РИЦ) | 9 | 2,5% | 1,3% | 0,9% |
| Граѓанска организација | 97 | 27,5% | 13,7% | 9,6% |
| Лекар или друг здравствен работник | 10 | 2,8% | 1,4% | 1,0% |
| Роднина/пријател/колега | 67 | 19,0% | 9,5% | 6,6% |
| Друго | 37 | 10,5% | 5,2% | 3,7% |
| Не побарав правен совет | 125 | 35,4% | 17,7% | 12,4% |

*Табела 28.* Консултирани инстанци за правен совет

Од оние кои се советувале, само 71 испитаник или 30,7% од испитаниците побарале совет на повеќе од едно место. Испитаниците кои за совет се обратиле на повеќе места ги прашавме кој, според нив, бил најкорисен за решавање на нивниот проблем. За 42,3% од овие испитаници како најкорисен советодавач е идентификувана консултираната граѓанска организација, додека за 12,7% од случаите тоа е адвокат и за исто толкав процент (12,7%) најкорисен советодавач е роднина, пријател или колега. За споредба, во општата популација дури 85% од испитаниците изјавиле дека најважна личност или организација од која добиле совет бил адвокатот. Во овој примерок, кога барем една од консултираните инстанци е адвокат, истиот е избран како најкорисен советодавач во 37,5% од случаите, додека кога барем една од консултираните инстанци е граѓанска организација, истата е оценета како најкорисен советодавач во 66% од случаите.

Имајќи предвид кои се доминантните советодавачи, не изненадува наодот дека 78% од оние кои се обратиле на повеќе од едно место не требало да платат за помошта што ја добиле од најсуштинскиот советодавач. За споредба, меѓу општата популација според нашето истражување од 2013, дури две третини од испитаниците кои побарале совет морале да платат за советот (65,6%). Индиректно, ова само ја потврдува претпоставката дека граѓаните Роми можат да си ја дозволат правната помош само ако е бесплатна.

Според одговорите на испитаниците, со најсуштинскиот советодавач граѓаните најчесто се советуваат за нивните законски права (54,9%) и за можните начини за решавање на проблемот (67,6%). Заинтересираноста за формално-правните процедури е помала и, според одговорите, 26,8% се консултирале за трошоците и за процедурите за покренување судска постапка, а само 7% го покренале прашањето кој да ги застапува на суд.

Прашани дали би го препорачале својот советодавач на други луѓе што се во слична ситуација, дури 92% од испитаниците одговориле потврдно, што недвосмислено упатува на тоа дека граѓаните се задоволни од помошта што ја добиле.

**ИСКУСТВА СО СУДСКИОТ СИСТЕМ**

Прашањата за искуствата со судскиот систем им беа поставени на оние испитаници кои се обиделе да го решат својот проблем преку судски процес или преку медијација (имајќи предвид дека и на постапка на медијација може да ѝ претходи искуство со првостепената судска постапка[67]). Ова е случај со 27 испитаници, што е за жал премногу мала бројка за да можеме да извлечеме статистички потковани заклучоци, па наодите од овој дел треба да се земат само како индикативни.

Од вкупно 27 испитаници кои влегуваат во оваа група, четворица имале искуство и со судска постапка и со медијација, единаесет имале искуство само со судски процес, а дванаесет испитаници се квалификувале за прашањата од овој дел затоа што како реакција на проблемот одбрале медијација или посредување. Имајќи предвид дека прашањата се однесуваат на детали во врска со судската постапка, и покрај утврдениот „филтер“, во продолжение се анализирани само одговорите на испитаниците кои имале искуство со судска постапка или со медијација, на која сепак ѝ претходело искуство со судска постапка.

Вкупно 15 испитаници имале искуство со судски спор, што претставува 1,5% од целиот примерок, 2,1% од оние кои имале барем еден правен проблем и 4,2% од оние кои презеле активна стратегија за справување со избраниот проблемот. За споредба, во општата популација 22% од оние со барем еден проблем, односно 33,8% од активните се обиделе да го решат својот проблем на суд.

Иако од истражувањата за правните потреби може да се заклучи дека дека судовите се вообичаено „периферни за секојдневната правда“[68], имајќи ја предвид големата разлика меѓу општата популација и граѓаните Роми, неизбежен е заклучокот што имплицира обесправеност. Со други зборови, ако судовите се периферни за секојдневната правда на просечниот Македонец, за Ромите тие се практично недостапни. Валидноста на ваквата интерпретација дополнително се зголемува ако се контекстуализира со погоренаведениот наод дека наспроти 34,7% во општата популација, само 9,6% од активните кај граѓаните Роми си дозволиле правен совет од адвокат.

Ако се навратиме на оние петнаесет испитаници кои имале искуство со судска постапка, во сите петнаесет случаи највисокиот суд до кој стигнал проблемот е основниот суд. Во четири од случаите се работело за проблем со домувањето/ имотот, во три од случаите спорот бил

---

[67] Член 29 од Закон за медијација (*Службен весник на Република Македонија* бр.188/13, 148/15 и 192/15). Достапен на: http://www.pravda.gov.mk/documents/%C7%E0%EA%EE%ED%20%E7%E0%20%EC%E5%E4%E8%BC%E0%F6%E8%BC%E0%20-%20neoficijalen%20precisten%20tekst%202015.pdf

[68] Pleasence, P., & Balmer, N. J. (2014). How People Resolve “Legal” Problems. *London: Legal Services Board*. Достапно на: https://research.legalservicesboard.org.uk/wp-content/media/How-People-Resolve-Legal-Problems.pdf

во врска со пари или долгови и во исто толку случаи (3) се работи за проблем поврзан со преминот на границите. Другите судски спорови се однесуваат на проблем со државната помош (1), семејното насилство (1), повредите на јавно или на работно место (2) и со неправеден третман од страна на полицијата (1).

Во седум од случаите (46,7%) постапката била покрената против испитаникот, а во 8 ја покренал испитаникот (53,3%). Дополнително, 11 испитаници (73,3%) лично присуствувале на судењата, за двајца судењето се одвивало во нивно отсуство, додека двајца испитаници рекле дека сè уште немало сослушување.

Дури 7 од 15 испитаници изјавиле дека не ги застапувал никој, а шест биле застапувани од адвокат. Тоа значи дека во повеќе од половина (53,8%) од случаите граѓаните сами се застапувале. Петмина од оние кои сами се застапувале рекле дека немале пари за да ангажираат адвокат, еден рекол дека не му требало застапување и еден не дал одговор за причината.

Иако примерокот на испитаници кои имале искуство со правосудниот систем е многу мал за да се извлечат генерализации во поглед на искуствата и социодемографските детерминантни, токму ниската стапка на оние кои побарале правда на суд е индиција дека во контекст на проблемите од граѓанското право, судовите не се чест инструмент за граѓаните Роми да ги остварат своите права.

## ИСХОДИ

Од испитаниците чиј проблем завршил се бараше да проценат колку се задоволни од исходот, но и колку другата страна била задоволна од исходот, да определат дали и колку бил праведен исходот и колку траело решавањето на проблемот наспроти нивните очекувања. За незавршените проблеми исходите се разгледуваа преку перцепциите за очекувањата за поволноста на исходот и времетраењето на исходот.

Задоволството со исходот од разрешницата на проблемот го меревме со петстепена скала, при што повеќе од една третина (34,6%) од граѓаните чиј проблем е завршен воопшто не се задоволни од исходот, наспроти 14,9% кои се многу задоволни. Проценувајќи го задоволството од исходот кај другата страна, само 7,1% сметаат дека другата страна воопшто не била задоволна, додека 36,9% сметаат дека другата страна била многу задоволна.

Иако на ниво на примерокот повисока е проценката за задоволство од исходот кај другата страна, нема значајна негативна корелација која би упатувала на тоа дека испитаниците кои се помалку задоволни претпоставуваат дека другата старана е позадоволна.

Оттука, 64% од испитаниците чиј проблем завршил сметаат дека исходот не бил праведен за сите инволвирани и, очекувано, оние кои сметаат дека исходот бил неправеден во просек се значително помалку задоволни од исходот[69]. Од друга страна, проценката дали исходот

[69] Cohen's d = (4.03 - 1.97) ⁄ 1,13 = 1,83 што претставува голем ефект.

е оценет како праведен или не, не е тесно поврзана со проценката на претпоставеното задоволство кај другата страна.

Перцепцијата за искусената неправда е поверојатна кај оние кои не направиле ништо во врска со проблемот, а мнозинството или 82,8% од нив сметаат дека исходот е неправеден, во споредба со помалку од половина (46,1%) кај активните. Дополнително, иако од тоа дали е преземено нешто или не во врска со проблемот, не е значително детерминирано дали проблемот е завршен или не, испитаниците кои презеле нешто се позадоволни од исходот[70] ако проблемот е завршен. Од друга страна, кај незавршените проблеми очекуваното задоволство од исходот не е детерминирано од тоа дали е преземено нешто или не.

Перцепцијата на испитаниците за времетраењето на решавањето на проблемот е различна во зависност од тоа дали проблемот завршил или сѐ уште трае. Кај завршените проблеми не може да се диференцира доминантна перцепција и категориите за времетраењето се рамномерно дистрибуирани во примерокот. Од друга страна, кај тековните проблеми дури 89,4% од испитаниците сметаат дека проблемот трае подолго отколку што очекувале. Ваквата разлика, во зависност од статусот на проблемот, е конзистентна со наодите од 2013 година[71], иако во истражувањето на општата популација и кај завршените проблеми преовладува оценката дека решавањето на проблемот траело повеќе од очекуваното.

| **Колку траеше решавањето на проблемот?** | **Дали проблемот е завршен (тековен статус)?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Завршени проблеми** | | **Тековни проблеми** | |
| | **f** | **Валиден %** | **f** | **Валиден %** |
| Пократко отколку што очекувавте | 80 | 34,2 | 14 | 3,9 |
| Толку колку што очекувавте | 77 | 32,9 | 24 | 6,7 |
| Подолго отколку што очекувавте | 77 | 32,9 | 320 | 89,4 |
| Вкупно | 234 | 100,0 | 358 | 100,0 |
| Нема одговор | 116 | | | |
| Недостигаат | 661 | | 653 | |
| Вкупно | 1011 | | 1011 | |

*Табела 29.* Перцепции за траењето на решавањето на проблемот

Наспроти доминантното незадоволство со исходот кај завршените проблеми, граѓаните чиј проблем сѐ уште не е завршен се поделени во нивните очекувањата за исходот. Така, 47,2% очекуваат неповолен исход, додека 52,8% се оптимистични, надевајќи се дека ќе бидат задоволни од исходот.

Без оглед на тоа дали е проблемот завршен или не, од испитаниците сакавме да дознаеме дали од сегашна перспектива нивната реакција на проблемот би била поинаква. Во прилог на тоа, 44,5% сметаат дека би постапиле поинаку доколку сега се соочат со проблемот. Од

[70] Cohen’s d = 0,81
[71] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

нив, 69,5% сметаат дека требало да побараат совет или повеќе совети, додека 54,9% рекле дека требало да реагираат побрзо. Дополнително, 21,9% не дале одговор на прашањето што би направиле поинаку, а речиси секој петти (18,1%) од оние кои сметаат дека би постапиле поинаку рекол дека би побарал посредување или медијација. Наодот дека медијацијата или посредувањето, како начин на справување со проблемите, е речиси двојно „попопуларен" одговор меѓу испитаниците споредено со одењето на суд, повторно го остава отворено прашањето дали во меѓувреме се променила граѓанската свест за корисноста на медијацијата.

| **Што мислите дека требаше да направите поинаку?** | **Да** | | **Не** | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **F** | **%** |
| Да побарав совет/ повеќе совети од друго место | 219 | 69,5% | 96 | 30,5% |
| Да не барав совет | 7 | 2,2% | 308 | 97,8% |
| Да реагирав побрзо | 173 | 54,9% | 142 | 45,1% |
| Да бев поодлучен/на или посамоуверен/на | 28 | 8,9% | 287 | 91,1% |
| Да добиев совет побрзо | 40 | 12,7% | 275 | 87,3% |
| Да отидев на суд | 31 | 9,8% | 284 | 90,2% |
| Да побарав посредување/медијација | 57 | 18,1% | 258 | 81,9% |
| Да го избегнев проблемот | 29 | 9,2% | 286 | 90,8% |
| Да не направев ништо | 5 | 1,6% | 310 | 98,4% |
| Нема одговор | 69 | 21,9% | 246 | 78,1% |
| a. Ако размислите за проблемот и за тоа како се соочивте со него... Дали сега би постапиле поинаку? = Да | | | | |

*Табела 30*. Посакувани реакции на проблемот

**НЕГАТИВНИТЕ ЕФЕКТИ: КАКО ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВЛИЈААТ ВРЗ ГРАЃАНИТЕ**

Тежината на проблемите беше оценувана и преку нивните последици, односно испитаниците беа прашани да оценат колкав стрес им предизвикал проблемот, колку финансиски ги оптоварил и, севкупно, колкава штета им предизвикал.

Оценувајќи го стресот што им го предизвикал проблемот на седумстепена скала, мнозинството (73,8%) пријавија голем стрес (5+), при што повеќе од половина од нив (или 39,7%) рекле дека проблемот им предизвикал максимален стрес.. Мнозинството од испитаниците (59,9%) се изјаснија дека се соочиле со сериозна финансиска штета (5+), а околу една четвртина (24,9%) пријавија дека на проблемот потрошиле (или изгубиле) сума пари што им го променила животот. Испитаниците, исто така, сметаат дека правниот проблем им предизвикал значителна штета врз животот во целина, а една третина (33,7%) пријавиле дека проблемот им го уништил живот (+6), додека повеќе од половина (53,6%) оцениле дека штетата била тешка (5+).

Проценките за последиците од проблемот се очекувано поврзани и може да се заклучи дека испитаниците кои повисоко го оцениле претрпениот стрес, повисоко го процениле и

претрпениот финансиски товар и севкупната штета предизвикана од проблемот. Според наодите, поврзаноста е најголема меѓу оценките за финансискиот товар и севкупната оценка за штетата, што донекаде упатува на тоа дека севкупната евалуација за штетата за граѓаните повеќе се базира на перцепциите за материјалната, а помалку на оценките за психоцосијалната штета или стрес.

Кога се контролираат социодемографските варијабли, просечните проценки за предизвиканиот стрес се најголеми за проблемите поврзани со семејното насилство, а најниски за потрошувачките проблеми. Од друга страна, оценките за финансискиот товар се очекувано највисоки меѓу проблемите поврзани со пари и долгови, а најниски за проблемите поврзани со семејното насилство и дискриминацијата. Конечно, во контекст на севкупната претрпена штета, просечната оценка повторно е највисока кога станува збор за проблемите поврзани со семејното насилство, а најниска за проблемите поврзани со дискриминацијата.

| **Прво, колкав стрес ви предизвика овој проблем на скала од 1 до 7, ако 1 е никаков стрес, а 7 е максимален** стрес? | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | |
| N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| 31 | 4,4% | 28 | 4,0% | 48 | 6,8% | 79 | 11,2% | 96 | 13,6% | 145 | 20,5% | 281 | 39,7% |
| **Колку овој проблем ве погоди финансиски, ако 1 е никаков финансиски товар, а 7 е сума што ви го смени животот?** | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | |
| N | % | N | % | N | % | N | N | % | N | % | N | % | N |
| 83 | 11,7% | 45 | 6,4% | 66 | 9,3% | 90 | 12,7% | 109 | 15,4% | 139 | 19,6% | 176 | 24,9% |
| **Колку штета ви предизвика овој проблем на скала од 1 до 7, ако 1 е никаква штета, а 7 е толку голема штета што ви го уништи животот?** | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | |
| N | % | N | % | N | % | N | N | % | N | % | N | % | N |
| 90 | 12,7% | 42 | 5,9% | 83 | 11,7% | 113 | 16,0% | 134 | 18,9% | 149 | 21,0% | 97 | 13,7% |

*Табела 31.* Перцепции за последиците на избраниот проблем

## СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ

Во последниот дел од прашалникот ги разгледувавме ставовите на испитаниците за правосудниот систем и како тие корелираат со нивните искуства со правните проблеми и нивните социодемографски карактеристики. Во првиот дел се дадени вредносни ставови општо за правосудниот систем, како и за трошоците поврзани со судските постапки и со ангажирањето адвокат, за кои испитаниците преку петстепена скала изразуваат согласување или несогласување, додека во вториот дел се дадени конкретни примери за правни проблеми, а од испитаниците се бара да оценат колкава е веројатноста во тој случај да добијат праведно решение.

Имајќи ги предвид високите стапки на неодговарање на прашањата кои се однесуваат на ставовите на граѓаните во врска со судскиот систем, а кои ги евидентиравме и во националната студија во 2013[72], во продолжение е приложено колкав процент од испитаниците не дале одговор. Иако тенденциите за неодговарање се споредбено помалку изразени, што донекаде може да се оправда преку обидот за поедноставување на тврдењата и начинот на администрирање на прашалникот (лице в лице, наспроти телефонски во националната студија), високиот процент на неодговарање за последните три тврдења донекаде ја загрозува можноста за генерализација.

| **Во кој степен се согласувате или не со тврдењето:** | **НЗ/НО** | |
|---|---|---|
| | **N** | **%** |
| Законите и правниот систем во Македонија во основа се праведни | 87 | 8,6 |
| Ако некогаш излезам пред суд, ќе добијам правично судење/правда | 128 | 12,7 |
| Судовите во Македонија се поправедни за богатите отколку за сиромашните | 94 | 9,3 |
| Цените на адвокатските услуги се прифатливи ако се земе предвид работата што ја вршат | 191 | 18,9 |
| Трошоците за судење се разумни | 234 | 23,1 |
| Судовите се важен начин за обичниот народ да ги оствари своите права | 164 | 16,2 |

*Табела 32.* Стапка на неодговорање на прашањата за ставови во врска со правосудниот систем

За да се утврди дали според уверувањата на граѓаните „веројатноста“ за правда варира во зависност од тоа кој е на другата страна на проблемот, на испитаниците им беа понудени описи на неколку хипотетички спорови (проблем со работодавец, проблем со локална власт, семејно насилство и сл.). За секој од набројаните хипотетички проблеми, испитаниците требаше да оценат колкава е веројатноста да се добие праведно решение на скала од еден до пет, каде што еден означуваше малку веројатно, а пет многу веројатно. На оваа серија прашања високата зачестеност на категориите „не знам“ или „нема одговор“ упатува на тоа дека дел од испитаниците имале потешкотии да го разберат прашањето или пак да си ја замислат хипотетичката ситуација, што ја доведува во прашање оправданоста на обидот за

[72] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

дескриптивна анализа на одговорите, но во секој случај се презентирани и добиените дистрибуции и социодемографската анализа на одговорите .

| **Според вас колкава е веројатноста да добиете праведно решение ако...** | **НЗ/НО** | |
|---|---|---|
| | **N** | **%** |
| ...имате проблем со вашиот работодавец (на пример, сте добиле отказ)? | 381 | 37,7 |
| ...имате проблем со голем продавач (на пример, сте купиле расипан телевизор) ? | 396 | 39,2 |
| ...имате проблем со соседите (на пример, спор за границите на имотот)? | 394 | 39,0 |
| ...имате проблем со локалната власт (на пример, барате дозвола за градба) ? | 419 | 41,4 |
| ...сте жртва на семејно насилство ? | 484 | 47,9 |
| ...сте позајмиле пари на ваш пријател, а тој не сака да ви ги врати ? | 467 | 46,2 |

*Табела 33.*Стапка на неодговарање на прашањата со хиппотетички спорови

Имајќи ги предвид ограничувањата што ги наметнуваат констатираните стапки на неодговарање, со извесна резервираност од добиените дистрибуции може да се заклучи дека преовладува неутралниот одговор, што упатува на извесна воздржаност или индиферентност во изразените евалуации. Од ваквиот образец на резервираност отстапува само зачестеноста на манифестираното согласување со тврдењето за неправичниот, т.е. селективниот однос на судовите, па дури 41,5% од испитаниците сосема се согласиле со исказот: „Судовите во Македонија се поправедни за богатите, отколку за сиромашните," а дополнителни 15,6% изразиле делумна согласност.




*Графикон 28. Ставови на граѓаните за правосудниот систем*

Иако мерката за интерна конзистентност (Кромбахово α = 0,59) е пониска од конвенционално прифатливата вредност (што донекаде го доведува во прашање обидот за агрегирање), за да се добие сумарна вредност за односот на граѓаните кон судскиот систем беше пресметан просечен скор, како индикатор на ставот.




*Графикон 29.* Дистрибуција на ставот кон правосудниот систем

На ниво на примерок, аритметичката средина за ставот кон правосудниот систем изнесува M=2,70 (SD = 0,77) и упатува на негативен кон неутрален став кон правосудниот систем.

Анализирајќи ја предиктивната вредност на социодемографските варијабли и статусот на испитаникот во поглед на тоа дали во последните три години имал барем еден проблем, може да се заклучи дека ставот кон правосудниот систем значително се разликува според степенот на образование, висината на приходите и според тоа дали испитаникот се соочил или не се соочил со најмалку еден проблем.

Во просек, помалку позитивни ставови имаат граѓаните без завршено основно образование, споредено со оние со завршено основно или средно образование. Во контекст на висината на месечните приходи во домаќинството, може да се констатира значителен линеарен ефект, кој упатува на тоа дека со зголемување на приходите се зголемува и наклонетоста, што значи дека поситуираните граѓани попозитивно го оценуваат правосудниот систем.

Дали во последните три години испитаникот имал или немал проблем што покренува законско прашање значајно детерминира каква е сумарната евалуација на правосудниот систем и, за жал, заклучокот е дека токму оние граѓани кои имале потреба, т.е. се соочиле со проблем/и, помалку позитивно го оценуваат правосудниот систем.

Иако констатираните ефекти се разбирливи и статистички значајни, мерките за нивната величина[73] упатуваат на мали ефекти, што значи дека утврдените разлики имаат мала практична вредност.

[73] Парцијално $\eta^2_{образование}$ = ,012; Парцијално $\eta^2_{приходи}$= ,036; Парцијално $\eta^2_{проблем\ (да/не)}$ = ,005

Имајќи предвид дека само 15 испитаници рекле дека отишле на суд поради нивниот проблем, а 16 известиле дека користеле медијација или посредување, не беше оправдано да се прави споредба во однос на ставот меѓу оние кои имаат и оние кои немаат искуство со правосудниот систем во последните три години.

Умерено негативниот кон неутрален став, како доминанта евалуација на судскиот систем, упатува на тоа дека ставовите на граѓаните не се бариера или оправдување за „непопуларноста“ на формализираните судски постапки како начин за справување со проблемите. Недоследноста на ставовите со „однесувањето“ може да укажува на тоа дека граѓаните не се одвратени од правосудниот систем затоа што имаат негативни ставови, што значи дека причините за препреките треба да се лоцираат надвор од уверувањата. На ваквиот заклучок делумно се надоврзуваат и наодите од анализираните причини за неактивноста кај граѓаните, кои покажуваат дека за мнозинството пасивноста е прашање на немање соодветни ресурси (финансии или информираност).

Како што беше наведено погоре во текстот, за да се утврди дали според перцепцијата на граѓаните правдата зависи од тоа кој е на другата страна, на испитаниците им беа поставувани и хипотетички случаи во кои варираше „противникот.“ Оценките за тоа колку е веројатно да добијат праведно решение во секој од наведените хипотетички случаи, испитаниците ги даваа на петстепена скала, каде што 1 означува дека веројатноста да се добие праведно решение е многу мала, 3 значи дека шансите се 50:50, а 5 означува дека е многу веројатно да се добие праведно решение.

| | N | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|---|
| Проблем како жртва на семејно насилство | 527 | 2,95 | 1,372 |
| Проблем со соседите | 617 | 2,67 | 1,136 |
| Проблем со локалната власт | 592 | 2,67 | 1,231 |
| Проблем со наплатата на пари од пријател | 544 | 2,66 | 1,294 |
| Проблем со голем продавач | 615 | 2,58 | 1,168 |
| Проблем со вашиот работодавец | 630 | 2,57 | 1,15 |

Просечните оценки за сите хипотетички ситуации се помали од 3, што значи дека за испитаниците правдата е помалку веројатна, без оглед на тоа кој е на другата страна. Сепак, и покрај општата тенденција на песимизам, во одговорите на испитаниците можат да се забележат суптилни разлики во зависност од тоа со кого имаат проблем. Ефектот е мал[74] и според одговорите праведното решение е најмалку веројатно доколку имате проблем со работодавецот, што упатува на тоа дека чувството на обесправеност за овие граѓани е најизразено во работните односи. Споредено со другите хипотетички ситуации, праведното решение е поверојатно доколку сте во улога на жртва на семејно насилство, но како што може да се увиди од стандардните отстапувања, одговорите најмногу варираат токму во оценките за можноста за праведно решение кога проблемот е поврзан со семејно насилство.

[74]Парцијално $\eta^2$ = ,009;

Социодемографската анализа ни откри дека оценките се разликуваат во зависност од приходите во домаќинството и статусот на пазарот на трудот. Најизразени се разликите кај граѓаните со различни приходи во домаќинството, а - очекувано - во можноста за правда помалку веруваат граѓаните со пониски приходи. Најголем песимизам изразиле граѓаните со приходи од 5 000 до 10 000 денари, кои веројатноста за праведно решение во сите наведени хипотетички случаи, освен кога проблемот е со локалната власт, ја оцениле со најниска оценка. Очекувањата за правда кога станува збор за проблеми со локалната власт се различни кај граѓаните со различен статус на пазарот на трудот - пензионерите се најуверени во можноста за праведно решение, што може да упатува на заклучокот дека оваа група граѓани има поголема доверба во локалните власти, додека пак најпесимистички се економски неактивните граѓани, кои во просек најмалку веруваат во можноста за правда ако од другата страна е локалната власт.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


Cochran, W. G. (1977). Sampling techniques. *New York: John Wiley and Sons*.

Coumarelos, C., Macourt, D., People, J., McDonald, H.M., Wei, Z., Iriana, I., & Ramsey, S., (2012). Legal Australia-Wide Survey: legal need in Australia, Law and Justice Foundation of New South Wales, Sydney. Достапно на: http://www.lawfoundation.net.au/ljf/site/templates/LAW_AUS/$file/LAW_Survey_Australia.pdf

Coumarelos, C., Wei, Z., & Zhou, A. Z. (2006). Justice made to measure: NSW legal needs survey in disadvantaged areas. Law and Justice Foundation of New South Wales.

Currie, A. (2007). The legal problems of everyday life: the nature, extent and consequences of justiciable problems experienced by Canadians, Department of Justice Canada, Ottawa Достапно на: http://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/jsp-sjp/rr07_la1-rr07_aj1/rr07_la1.pdf

Genn, H., Beinart, S., Finch, S., Korovenssis, C., & Smith., P. (1999). Paths to Justice Scotland: What People in Scotland Do andThink About Going to Law. Oxford - Portland Oregon: University College London.

Genn, H., & Beinart, S. (1999). Paths to justice: what people do and think about going to law. Hart Publishing.

Gramatikov, M. (2008). Multiple justiciable problems in Bulgaria, TISCO working paper series on civil law and conflict resolution systems, no. 08/2008, Tilberg University, Tilberg.

Office of the Press Secretary , The White House (2015). Executive Order -- Using Behavioral Science Insights to Better Serve the American People. Достапно на: https://obamawhitehouse.archives.gov/the-press-office/2015/09/15/executive-order-using-behavioral-science-insights-better-serve-american

Pleasence,P., Balmer,N.J., Patel,A.,Cleary,A., Huskinson,T. and Cotton,T. (2011). Civil Justice in England and Wales 2010: Report of the First Wave of the English and Welsh Civil and Social Justice Panel Survey. London: Legal Services Commission.

Pleasence, P., Balmer, N. J. & Sandefur, R. L. (2013). Paths to Justice: A Past, Present and Future Road-map. London: Centre for Empirical Legal Studies.

Pleasence, P., & Balmer, N. J. (2014). How People Resolve "Legal" Problems. London: Legal Services Board. Достапно на: https://research.legalservicesboard.org.uk/wp-content/media/How-People-Resolve-Legal-Problems.pdf

Pleasence, P., Balmer, N. J., & Sandefur, R. L. (2016). Apples and Oranges : An International Comparison of the Public ' s Experience of Justiciable Problems and the Methodological Issues Affecting Comparative Study. Journal of Empirical Legal Studies, 13(1), 50–93.

The United Nations Development in the former Yugoslav Republic of Macedonia. The Living Standards of Roma in the Country. Достапно на: http://www.mk.undp.org/content/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/en/home/library/poverty/the-living-standards-of-roma-in-the-country.html

United States Department of State, Bureau of Democracy, Human Rights and Labor, (2016). Country Reports on Human Rights Practices for 2016, Macedonia 2016 human rights report. Достапно на: https://www.state.gov/documents/organization/265658.pdf

Државен завод за статистика (2005). *Попис на населението, домаќинствата и становите 2002, Книга XIII.* Достапно на: *http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=54*

Државен завод за статистика, (2015). *Сторители на кривични дела* (2014). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=43&rbr=574

Државен завод за статистика, (2016). *Сторители на кривични дела* (2015). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=43&rbr=635

Државен завод за статистика, (2017). *Сторители на кривични дела* (2016). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=43&rbr=681

Државен завод за статистика, (2016). Социјална заштита на децата, младите и возрасните лица во Република Македонија. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.11.pdf

Закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка, *Службен весник на РМ*, бр.124 од 23.7.2015 година. Достапно на: http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-izmenuvane-i-dopolnuvane-23-07-2015-1.pdf

Закон за медијација, *Службен весник на Република Македонија* бр.188/13, 148/15 и 192/15. Достапен на: http://www.pravda.gov.mk/documents/%C7%E0%EA%EE%ED%20%E7%E0%20%EC%E5%E4%E8%BC%E0%F6%E8%BC%E0%20-%20neoficijalen%20precisten%20tekst%202015.pdf

Корисници на социјална парична помош (по пол, по региони, по години) [online data base]. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__SosijalnaStat__SocijalnaZastita/175_SocZas_reg_KorSocParPom_ML.px/table/tableViewLayout2/?rxid=1d7cf3d8-ac73-492f-bbb4-ef24b4c30317

Институт за човековите права „Лудвиг Болцман“ – БИМ-ФВ (2012). Децентрализација на социјалната заштита во Република Македонија – фактичка состојба, предизвици и можности на локално ниво. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/decentralizmkd.pdf

Избирачки список [online data base]. Достапно на: https://izbirackispisok.gov.mk/Search.aspx?type=address

Кацарска, С., Мојсовски, А. (2016). Ромите на македонските граници. Достапно на: http://epi.org.mk/docs/Osnovna%20studija_Romite%20na%20makedonskite%20granici.pdf

Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија. Достапно на: http://star.fosm.org.mk/dokumenti/20131810-Analiza-mk.pdf

Министерство за труд и социјална политика (јануари 2005). Стратегија за Ромите во Република Македонија 2005-2014. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf

Министерство за труд и социјална политика (јуни 2014). Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020. Достапно на:http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf

Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика. (2012). Мултииндикаторско кластерско истражување (MICS). Достапно на: https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MICS_MKD_FINAL_websize.pdf

Министерство за правда, Управа за извршување санкции, (2017). Годишен извештај на Управата за извршување санкции за работењето и за состојбата во Казнено-поправните и Воспитно-поправните установи во Република Македонија за 2016 година. Достапен на: http://www.pravda.gov.mk/UIS/Godisen%20izvestaj%20na%20UIS%20za%202016%2010_05_2017.pdf

Народен правобранител на Република Македонија (2017). Извештај од извршеното истражување на состојбите со остварувањето на правото на социјална парична помош во Република Македонија. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2017/Izvestaj%20SPP-2017.pdf

Стојановски В., Чаловска, Н., Мурати, А., Скендери, С., Јашаревски, А., Голубовска, Ј. (2014). „Помеѓу имплементацијата и реалноста на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Ромите 2005-2015“, повлечено од: http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/630/Romi_Analiza_Helsinski.pdf

Соопштение на Министерството за труд и социјална политика достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/akcija-za-evidencija-na-lica-vo-maticna-kniga-na-rodenite.nspx

Соопштение на Министерството за труд и социјална политика. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/juli-2017-ns_article-ministerkata-carovska-gi-povika-licata-koi-go-izgubile-pravoto-na-koristenje-na-socijalna-pomosh-por.nspx

АНЕКС I: СТУКТУРА НА ПРАШАЛНИКОТ

Прашалникот што се користеше во истражувањето се состои од девет модули, од кои првите три се релевантни за процедурите за избор на домаќинство и избор на лице кое треба да учествува во истражувањето како испитаник/чка, додека преостанатите се содржински поврзани со целите на истражувањето.

**Структура на прашалникот**

- Контакт-лист
- Претставување
- Дел А: Избор на респондент
- Календар
- Дел Б: Правни проблеми
- Дел В: Патишта до правдата
- Опис на проблемот
- Стратегија на соочување
- Советување
- Суд
- Дел Г: Не е преземена никаква акција
- Дел Д: Исход
- Завршен проблем
- Незавршен проблем
- Дел Ѓ: Тежина на проблемот
- Дел Е: Генерални ставови и завршни социодемографски информации

Во првиот од клучните сегменти во прашалникот (Дел Б), во форма на прашања се дадени листи на правни проблеми кои содржински припаѓаат на четиринаесетте претходно наброени категории. Со прашањата од овој дел требаше да се утврди со кои правни проблеми се соочил/а испитаникот/чката и кога се случиле проблемите.
Слично како и во националното истражување[75], референтниот период беше фиксиран на три години. Така, со воведното упатство[76] на испитаникот/чката му/ѝ се најавуваше дека со прашањата што следуваат ќе се разгледуваат проблеми кои:

- се случиле во последните три години (од јуни 2014 до извештајната недела);

[75] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

[76] Воведното упатство не беше оптоварено со најавата дека проблемите што ќе ги споделат испитаниците мора да бидат доволно сериозни или тешки за решавање за да можат да завршат на суд, со тужба или со некоја правна процедура (т.н. праг на тривијалност), имајќи предвид дека само „нетривијални“ проблеми беа операционализирани преку прашањата. Дополнително образложение зошто е оправдано да се изостави „прагот на тривијалност“ од упатството има кај Pleasence, Balmer, & Sandefur (2013, стр. 16).

- ѝ/му се случил/е лично на испитаникот/чката;

Сите правни проблеми со кои се соочил/а испитаникот/чката беа нотирани преку месецот и годината на случување на правниот настан (во делот Календар) и токму временската редоследност се користеше при изборот на проблемот за кој ќе се разгледуваат „патиштата до правдата“, т.е. стратегиите на испитаниците за справување со проблемот. Доследно со методологијата на националната студија од 2013[77], кога беа идентификувани повеќе од еден правен проблем, беше избиран претпоследниот проблем[78].

Во делот В, за избраниот проблем следуваа прашања за активностите што се преземени (или не) за решавање на проблемот, консултираните инстанци за правен совет, а за оние испитаници чиишто правни проблеми завршиле на суд во сегментот „Суд“ беа прецизирани прашања околу судската постапка.

Доколку беше утврдено дека не е преземено ништо за решавање на проблемот, во делот Г од прашалникот се поставуваа прашања за причините за пасивноста во врска со проблемот и можноста за идна акција.

Без оглед на тоа дали е преземено нешто или не, со прашалникот избраниот проблем се разгледуваше и преку исходите (дел Д). Доколку проблемот на испитаникот/чката беше завршен, се поставуваа прашања за перцепциите за праведноста на исходот и за времетраењето на проблемот, како и за тоа колку секоја од вклучените страни е задоволна од разрешницата на проблемот. За избраните проблеми кои се сè уште тековни, од испитаниците се бараше да проценат дали, според досегашните случувања, проблемот трае пократко или подолго од очекувањата и што предвидуваат, односно дали очекуваат да бидат задоволни од исходот.

„Тежината“ на проблемот (дел Ѓ) со прашалникот се мереше преку прашања за психосоцијалните и материјалните последици од проблемот (колкав стрес и колкави финансиски исцрпувања предизвикал).

Конечно, последниот модул во прашалникот (дел Е) се состоеше од прашања кои се однесуваат на ставови и перцепции за судскиот систем во Република Македонија и за социодемографската заднина на испитаниците. Доколку испитаникот/чката во последните три години немал/а ниту еден од разгледуваните проблеми во делот Б, директно се преминуваше на овој дел од прашалникот.

---

[77] Коруновска Србијанко, Ј., Коруновска, Н., и Малеска, Т. (2013). Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација Отворено општество – Македонија.

[78] Според националното истражување од 2013 година, избирањето на претпоследниот проблем треба да овозможи да се избере проблемот што се случил неодамна за да може да се разгледа во детали, но е и доволно „одминат“ за во меѓувреме да се преземе нешто. Истовремено, доследната примена на правилото треба да овозможи случаен избор на проблеми, бидејќи се претпоставува временската редоследност да не биде поврзана со категоријата проблеми (ова е валидно ако се исклучи можноста за кластеризација на проблемите). Сепак, според примерокот на разгледаните проблеми може да се увиди дека има отстапувања, затоа што некои категории проблеми, независно од нивната зачестеност на ниво на цел примерок, се диспропорционално застапени во избраните проблеми. Очекувано е да се претпостави дека во дел од случаите испитаниците инсистирале на тоа да се разгледа за нив најсериозниот проблем, а не претпоследниот.